# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 2023 - 2026

Проф. д-р Биљана Ангелова

МАЈ 2023

Содржина:


РЕЗИМЕ ..... 2

КЛУЧНИ ЦЕЛИ, ПРОЦЕСИ И РЕСУРСИ ЗА РАЗВОЈ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2023 -2026 ..... 6

ТЕМЕЛНИ ВРЕДНОСТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ..... 7

1. Унапредување на квалитетот на наставата и подобрување на условите за студирање на единиците на Универзитетот со фокус на студентите ..... 8

  1.1 Докторска школа ..... 10

  1.2 Континуирано учење ..... 10

  1.3 Јазичен центар ..... 11

2. Унапредување на научно-истражувачката дејност и зголемување на научно-истражувачката продуктивност ..... 11

  2.1 Рангирање на Универзитетот ..... 16

  2.2 Насоки на развој на научно – истражувачката дејност на УКИМ и подобрување на рангирањето ..... 17

3. Ориентација кон истражувања, развој на иновации и трансфер на технологии ..... 18

4. Јакнење на капацитетите за меѓународна соработка и интернационализација ..... 20

  4.1 Интернационализација ..... 21

    4.1.1 Планирање и донесување на одлуки врз база на податоци ..... 22

    4.1.2 Формализирње на планскиот процес од страна на единиците ..... 23

    4.1.3 Индикатори за меѓународна соработка и интернационализација ..... 24

    4.1.4 Мерки за унапредување на процесот на интернационализација ..... 24

5. Развој и унапредување на уметничките факултети ..... 25

6. Развој на универзитетскиот спорт ..... 26

7.Соработка со бизнис секторот ..... 27

8. Управување со процеси ..... 28

  8.1 Управување со квалитет ..... 28

  8.2 Дигитална трансформација ..... 30

    8.2.1 Воведување на ефикасни дигитални алатки во наставниот процес и генерално подобрување на процесот на е-учење ..... 31

    8.2.2 Дигитализација на процесите и активностите на Универзитетот ..... 32

    8.2.3 Подигнување на квалитетот и достапноста на сервисите за студентите ..... 32

9. Капитални инвестиции ..... 32

Заклучни согледувања ..... 35

Референци ..... 37

# РЕЗИМЕ

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е високообразовна и научно-истражувачка институција со повеќе од седум децениско постоење а воедно и најголемиот, најстар и најзначаен универзитет во Македонија, со јасна визија и стратешки одредници, својот развој да го темели на традицијата на висок квалитет, но и на уште понагласено приклучување кон Европскиот високообразовен простор и Европскиот научноистражувачки простор. На таа основа, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и понатака ќе ја задржи својата водечка улога во земјава, но истовремено ќе се стреми да ги достигне најдобрите универзитети во светот. Стратешката насока за неговиот развој ќе биде насочена кон подобрување на научно-истражувачката продуктивност и извонредноста, како основа за развој на квалитетно високо образование.

Синергетскиот ефект од поврзувањето на високото образование и научно-истражувачката дејност, развојот на иновации и трансферот на знаење, како и поврзаноста со уметничката дејност, придонесуваат за подобрување на квалитетот и поголема меѓународна препознатливост, но и значајно влијание врз општеството, растот на економијата и на целокупниот национален развој.

Улогата на универзитетите во развиените општества, и нивната иднина е да создаваат стручњаци за „новото време“ и за новонастанатите потреби на пазарот на труд, поврзување, дисеминација и трансфер на знаење. Во таа насока наша голема одговорност е на студентите да им се обезбеди врвно образование во подобрени услови за учење и работа, современи нагледни средства, иновативни пристапи во наставата, адекватна практична настава, електронски и печатени изданија на најнови учебници и учебни помагала, дигитализација на услугите, зголемена мобилност и секако, поголема вработливост.

Мисијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, е да обезбеди врвно образование и исклучителни знаења на своите студенти, не само во поглед на нивниот интелектуален развој, туку и од аспект на развој на нивните човечки квалитети и етички вредности и да ја поттикнува нивната инклинација да станат лидери, поместувајќи ги границите на нивното знаење и високо образование, промовирајќи интелектуална средина во која се ценат и почитуваат вистинските вредности, средина во која се почитуваат и прифаќаат разликите меѓу луѓето и посветеноста на знаење, развој и човечки вредности. Со посветеноста на наставата, истражувањата, отворен пристап до научно-истражувачката инфраструктура, пораст на истражувачката продуктивност, како и ориентацијата кон прогрес и просперитет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје останува лидер во високото образование во земјава, кој и понатаму ќе ги поставува највисоките стандарди во високото образование, Универзитет кој го цени и охрабрува интелектуалниот и личниот развој и вложува значителен труд и напор за да му служи на општеството во целина.

Императив е УКИМ и во наредниот период да продолжи да презема мерки и активности со цел зајакнување на реализацијата на уставно и законски загарантираното право за автономијата на Универзитетот. Универзитетот ја врши високообразовната и научноистражувачката дејност врз принципот на академската автономија, која опфаќа академска слобода, автономија во управувањето, но и неприкосновеност на автономијата со отчетност и одговорност за своето работење. Академската автономија ја гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности во општествената заедница во којашто дејствуваат. За да може Универзитетот целосно да одговори во исполнувањето на неговата мисија и визија, неопходни се многу предуслови, а посебно обезбедување на финансиска и кадровска автономија, а не делумна, декларативна или рестриктивна.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ќе биде отворен за секој член на академската заедница и ефикасен сервис на неговите единици, спремен да ги прифати bootom up иницијативите, да ги поддржи и спроведе, бидејќи развојот и просперитетот на секоја единица и секој член на академската заедница на УКИМ е наш заеднички успех. **Отворен универзитет ќе**

**обезбеди полесно и поуспешно функционирање на академската заедница бидејќи СИТЕ СМЕ УКИМ!**

Во наредниот мандатен период ќе продолжам да се залагам за подобар стандард на студентите и вработените на Универзитетот. Ќе продолжат да се спроведуваат сите започнати процедури за зголемување на платите на вработените во соработка со Синдикатот на УКИМ, како и отпочнување на нови иницијативи со кои ќе се придонесе за подостоинствен статус на сите вработени на УКИМ. Од надлежното Министерство за образование и наука ќе се бараат нови системски решенија со кои ќе се подобрува стандардот на студентите, условите за престој во студентските домови и условите за живот и учење, а за вработените повисоки плати.

**ВИЗИЈА: Отворен Универзитет со Европски вредности и видлив на меѓународниот високо-образовен и научноистражувачки простор.**




**Слика 1.** Двигатели на визијата кон отворен Универзитет со Европски вредности, УКИМ 2023-2026

**Трансформацијата на УКИМ во модерен Европски универзитет** ќе се остварува со јакнење на капацитетите со кои располагаме, а тоа се сите членови на нашата академска заедница – наставниците, научниците, уметниците, студентите, администрацијата, традицијата на создавање на врвни вредности, како основна хоризонтална димензија и темелна вредност, стратегиски надополнета со втора хоризонтална димензија – интернационализацијата (Сл.1).

**Темелна вредност** на оваа трансформацијата е **секој поединец на УКИМ**, заедницата на професори и студенти, која му обезбедува централно место во општеството. Универзитетот бил и ќе остане средиште каде се зацврстуваат и унапредуваат знаењето и моралните квалитети и место каде тие во континуитет се пренесуваат од генерација на генерација. Тие се носители на развојот и учествуваат во сите дејности.

**Интернационализацијата** е основа за исполнување на меѓународните стандарди, постигнување на меѓународна препознатливост и зајакнување на интернационалниот рејтинг, па затоа во следниот период на исполнување на Европските вредности и издигнување во модерен Европски универзитет, таа прераснува во темелна димензија, основа на сите процеси кои се реализираат во столбовите на развој, на кои се темели основната мисија на Универзитетот.

**Основните столбови** на кои се темели визијата за Универзитетот се наставата, науката, иновациите и меѓународната соработка.

Организациската култура на Универзитетот ќе се базира на целосна отвореност и пристапност за секој член на академската заедница на УКИМ во чиј фокус се наставниците и студентите давајќи им еднакви можности и поддршка на сите да учествуваат и да бидат носители на активности, со кои ќе се зајакнуваат столбовите на развојот. Наставата, науката, уметноста и меѓународната соработка остануваат традиционалните столбови на кои базира високото образование. Иновациите се нов столб чија улога треба сериозно да се зајакнува. Меѓународната соработка е „прозорец“ кон Европскиот образовен и истражувачки простор, местото каде припаѓа УКИМ. Нашиот Универзитет располага со голем и висококвалитетен научно-истражувачки капацитет, уметнички капацитет со значајно влијание на културниот развој на општеството, инфраструктура и вмреженост во екосистемите на четворниот хеликс во земјата и странство, за кои националниот високо образовен и научно-истражувачки простор станува „тесен“ и затоа неговото излегување на меѓународниот високообразовен простор е реална и остварлива цел, поставена како императив за наредниот период.

Делувајќи кон својата определба за силна интернационална афирмација на традиционалните обележја и вредности, Универзитетот ќе продолжи во определбата да ја негува и зајакнува **стожерната улога** на матица на научниот, културниот, уметничкиот и економскиот развој на државата, задржувајќи го приматот на висококвалитетна интелектуална база на креатори и двигателите на нашето општество.

Темелна вредност на нашиот Универзитет е секако и изучување и промовирање на националните обележја, како што се македонскиот јазик и литература, македонската историја, фолклорот. Научните факти на кои се темели националниот идентитет, суверенитет и култура се плод на долгогодишните истражувања во доменот на националната историја и јазикот. УКИМ бил и ќе остане потпора на македонската култура, кој преку своите единици, придружните членки, Семинарот за македонски јазик и култура, културно-уметничките друштва, истата ја штити, подржува и промовира на разни начини. Универзитетот објавува бројни научни трудови кои ја обработуваат оваа тема, организира семинари и конференции, летни и зимски школи за македонски јазик, одржува лекторати во странство што го прави бастион на македонската култура, давајќи му една од најзначајните улоги во општеството.

Синергијата на сите овие активности ќе **резултира** во уште поголемо **општественото влијание** кое УКИМ го има врз развојот на заедницата, почнувајќи од нашите **студенти**, кои се во фокусот на нашата мисија, во образовниот и истражувачкиот процес, науката, како основа за развој на индустријата и економијата, наставата, како **трансфер на знаење** во согласност со најновите научни достигнувања, преку која се генерираат најдобрите и најбараните кадри на пазарот на труд, развојот на иновации и трансфер на технологии кои водат до повисок технолошки развој, уметноста, како основа на културниот развој и меѓународната соработка, преку вмрежувањето со странски универзитети и приклучување кон универзитетски алијанси, што ќе отвори можност за интернационализација и повисок меѓународен рејтинг.

Оттука, **во следниот мандатен период ќе се залагам за развој на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во отворен Универзитет со Европски вредности**, преку обезбедување на предуслови за квалитетно интегрирање и поголема видливост во Европскиот високообразовен и научноистражувачки простор. Сето тоа, следејќи ги најновите Европски заложби за развој на Европските универзитети, стандарди за квалитет и мерит вредности, изразени во повеќе документи, како: Европската стратегија за развој на универзитетите 2022 [6] (European Strategy for

empowering higher education institutions for the future of Europe, 2022), Визијата на EUA за универзитети без ѕидови до 2030 [9] (Universities without walls, a vision for 2030, 2021), Иницијатива на Европските универзитети за нова димензија на високото образование, 2021 [8] (European Universities Initiative -New dimension in European higher education, 2021) и насоките за развој на новиот Европски научноистражувачки простор [4] ("Council conclusions on the New European Research Area, 2020").

Особено значаен документ, водилка за реализација на визијата за мандатниот период 2023-2026, УКИМ да прерасне во отворен Европски Универзитет, е Европската стратегија за универзитетите. За истакнување е дека **Европската стратегија за универзитетите** [6] поставува стандарди за создавање на современ и модерен универзитет кој ќе биде интернационален, отворен кон општеството, индустријата и граѓаните и ќе има силно влијание врз развојот на државата и локалните заедници. Покрај другото се предвидува засилување интернационализација, која во оптимални услови ќе базира на алијанси на универзитетите од различните делови на Европа, кои интензивно ќе соработуваат меѓу себе, со другите алијанси, како и со универзитетите кои нема да бидат дел од алијансите. Една од значајните цели на Европската стратегија на универзитетите е создавањето на Европска диплома, која е чекор напред од досегашните двојни и заеднички дипломи.

Вториот значаен документ, основа на визијата за развој на УКИМ во следниот период, е визијата на Европската асоцијација на универзитетите за тоа како треба да изгледаат **универзитетите во 2030 година**, која е пренесена во документот „Универзитети без ѕидови“ [9]. Според овој документ, сите европски универзитети ќе бидат одговорни, автономни и слободни, со различни институционални профили, но обединети во своите мисии на учење и настава, истражување, иновации и култура, отворени и ангажирани во општеството.

Отворен Европски универзитет без ѕидови до 2030, се очекува да биде двигател на развојот на Европското општество во сите сегменти, што е една од основните цели на УКИМ во наредниот период. Уникатната комбинација на мисиите кои УКИМ ги има пред себе, како што се настава, истражувањето, иновациите и културата со уметноста, како и нивните меѓусебни врски, перманентно ќе се унапредуваат и ќе бидат предмет на силна интернационализација во наредниот период. До оваа цел, тешко би стигнале сами во толку краток период, па затоа интернационализацијата е поставена за клучен елемент во сите сегменти на работењето на УКИМ.

# КЛУЧНИ ЦЕЛИ, ПРОЦЕСИ И РЕСУРСИ ЗА РАЗВОЈ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2023 -2026

## Клучни цели

- **Унапредување на квалитетот на наставата и подобрување на условите за студирање на единиците на Универзитетот;**
- **Унапредување на научно-истражувачката дејност, зголемување на научно-истражувачката продуктивност и подобрување на рангирањето;**
- **Интернационализација преку вмрежување и пристапување кон Европските алијанси на универзитети и промовирање на Европски вредности, што ќе биде поддржано со зајакнување на внатрешните капацитетите на Универзитетот преку формирање на Центар за поддршка на вмрежувањето со странски универзитети и други партнерски институции;**
- **Ориентација кон истражувања, развој на иновации и трансфер на технологии;**
- **Зајакнување на соработката со бизнис секторот и поттикнување на универзитетско претприемништвото;**
- **Поддршка на уметничките факултети;**
- **Поддршка за развој на универзитетски спорт.**

## Воведување на нови процеси

- **Управување со квалитет;**
- **Дигитална трансформација и подобрување на услугите на Универзитетот кон единиците, студентите и наставниците преку дигитализација на услугите.**

# ТЕМЕЛНИ ВРЕДНОСТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Клучните вредности на Универзитетот произлегуваат од неговите континуирани напори да ја чува и одржува автономијата и отворено да делува, но, и во секое време подготвено да реагира и одговара на сите предизвици во и надвор од академската заедница, давајќи огромен придонес во развој на општеството како и во доследното спроведување на начелата на законито и транспарентно работење на сите нивоа.

Универзитетот има свои етички вредности и норми на кои се темели извршувањето на неговата дејност. Основни цели и карактеристики на универзалната академска етика, па така и на етиката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, се: [1]

- Начело на мирно користење на правдата;
- Начела на колегијалност и интегритет;
- Начело на автономија;
- Начело на еднаквост и праведност;
- Право на академска слобода;
- Начело на професионализам и
- Начело на почитување на законот и правните процедури

Универзитетот достојно го извршува своите функции како академска институција, шири академска култура, ги почитува академските традиции и го чува достоинството на академските наставници, одржува добри односи меѓу институциите и наставниците на Универзитетот, се грижи за младите и за своите студенти и одржува и развива етиката на благородно однесување, на неповредување, давање помош и развивање на општите хуманистички идеи.

Посебните вредности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје произлегуваат од позицијата на најстар и водечки универзитет во Република Македонија, во смисла на помагање на научниот и културниот развиток на земјата и на работата на другите универзитети во земјата.

Сите овие вредности на најстар, најдобар и најголем Универзитет во земјата, не само што треба да се негуваат и одржуваат, туку и да се надоградуваат со нови, дополнителни квалитети кои ќе додаваат нова дополнителна вредност. Брзиот технолошки развој, дигитализацијата, климатските промени и глобалното бизнис опкружување наметнуваат нови барања и квалитети и наметнуваат нови предизвици пред високото образование. „Новото време“ поставува нови барања од академската заедница, ориентација и прифаќање на предизвиците и потребите на бизнис секторот, на меѓународната заедница и придонесот кој академската заедница го има на целокупниот општествен развој.

[1] Етички кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Април 2021.

# 1. Унапредување на квалитетот на наставата и подобрување на условите за студирање на единиците на Универзитетот со фокус на студентите

Студентите се во фокусот на мисијата која ја спроведува Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и тие заслужуваат да добијат највисок квалитет на настава, вклучување во истражувачки, уметнички и стручни активности како и различни видови на поддршка со кои ќе се подобруваат условите на учење и работа на факултетите, но и подобрување на условите во кои студираат нашите студенти и проширување на опсегот на поддршка за унапредување на студентскиот стандард на нашите студенти.

Примарната функција на високото образование е пренесување на академски знаења, развој на истражувачка дејност и градење на истражувачки капацитети. Согласно Болоњската декларација, една од клучните компоненти во дефиницијата за „квалитет“ на високото образование е „вработливоста“. Ставањето на вработливоста во фокусот на високото образование, подразбира синергија од академски знаења, наука и содржини ориентирани кон реалниот сектор, поголем акцент на „активното“ учење и поставување на студентот во центарот на наставата и учењето. Ние мораме да бидеме сигурни дека на крајот на високо образовниот циклус дипломците поседуваат компетенции соодветни за вработување, но покрај тоа, и базични, генерички и бихевиорални вештини, коишто ќе им бидат потребни во текот на целиот работен и кариерен развој. Подобрувањето на капацитетите за вработливост, со акцент на практичните знаења и вештини, во основа е комбинација на академското знаење кое е основа на сите клучни компетенции кои ги бара пазарот на труд, но и на други дополнителни бихевиораллни и практични знаења и вештини.

Да се излезе во пресрет на барањата на пазарот на труд, не значи дизајнирање на образовните програми само од перспектива на работодавачите. Познатата максима на Kurt Lewin «Ништо не е попрактично од добра теорија” останува висок приоритет на образованието што им се нуди на нашите студенти, но, ќе биде потребно постојано да се изнаоѓа рамнотежа меѓу генеричките и академски знаења од една страна и праксата и специфични знаења од друга страна.

Развојот на вработливоста значи воспоставување на рамнотежата меѓу академското знаење, практичното знаење и меките вештини кои мора да бидат специфично поставени за секоја образовна програма зависно од: научното подрачје, таргетираните компетенции, таргетираните работни места, социо-економското окружување, итн.

Ориентацијата кон вработливост, може да претставува и еден од клучните фактори за диференцијација на универзитетот во однос на останатите универзитети во земјава.

Во насока на исполнување на основните барања за остварување на квалитетот на високото образование и „вработливоста“ на нашите студенти, како еден од основните индикатори за квалитет и академскиот развој на студентите, конкретно, ќе треба да се делува во неколку сегменти:

- Подобрување на квалитетот на наставата, со што Универзитетот ќе создава активни, креативни, компетентни, конкурентни и одговорни стручњаци кои ќе можат значајно да придонесат за развој на економијата и на општеството во целина;
- Подобрување на материјалните услови за учење и работа на факултетите;
- Вклучување на студентите во истражувачки, културни, спортски, и други активности и
- Олеснување и поттикнување на нивниот кариерен развој.

За реализација на овие клучни сегменти за унапредување на наставата и зголемување на „вработливоста“ на студентите потребни се конкретни мерки во секој од наведените сегменти:

- Студентите и наставата се нераздвојни делови на една целина и затоа, унапредувањето на наставниот процес и развојот на студентите се поврзани во една целина. Со цел да се постигне

подобар квалитет во наставата потребно е да се модернизираат, евалуираат и унапредуваат наставните програми и да се воведат нови современи методи во наставата. **Тоа може да вклучува персонализиран наставен процес и менторска работа на определени научни и уметнички дисциплини, а некаде и внесување на елементи на on – line настава, интерактивно вклучување на студентите во наставата и акцент на практичната настава.** Потребно е кај студентите да се развиваат академски знаења, вештини и компетенции (за пишување, тимска работа, презентирање и сл.). Покрај тоа Универзитетот треба да се залага и за останатите потреби на студентите и нивната лична благосостојба (здравствена, психолошка, семејна) и во рамките на своите можности да контрибуира во подобрување на студентскиот стандард, бидејќи личниот и професионалниот развој, се двата клучни фактори за повисок квалитет на живот.

- Иновирање и унапредување на наставните програми во насока на нивно прилагодување на најновите научни достигнувања и на потребите на пазарот на труд, со акцент на корисноста за кариерниот развој на студентите и нивна поголема „вработливост“;
- Поттикнување на наставниот кадар за внесување на современи пристапи во наставата и учењето и континуиран развој на педагошките компетенции на наставниците преку стимулативни програми за наградување;
- Поттикнување на интернационализацијата на студиските програми и заложба за зголемување на бројот на програми базирани на двојна диплома и заедничка диплома со странски универзитети;
- Зголемување на бројот на студиски програми кои ќе се нудат на англиски јазик и привлекување на поголем број странски студенти;
- Финансиски ќе се подржува учеството на наши студенти на реномирани меѓународни натпревари;
- Унапредување на посебноста на наставниот процес на уметничките факултети;
- Подобрувањето на условите за учење на единиците на Универзитетот ќе се обезбеди со капитални инвестиции, за кои Универзитетот секоја година обезбедува соодветни буџети од Министерството за образование и наука, а делумно и од сопствени и други извори. Во изминатите неколку години значителен износ на средства се вложени во капитални подобрувања во градежните објекти, инсталирање на нови лаборатории и обновување на опремата за настава и истражувања на единиците, со што се отпочна циклус на обновување и креирање на квалитетни услови за престој и учење. Ваквиот пристап на инвестирање во капитални подобрувања, ќе продолжи да се реализира и во идниот период, со цел на сите единици на Универзитетот каде што има потреба од ваков тип на интервенции, да се обезбедат соодветни, современи и благопријатни услови за учење и работа;
- Развој и инвестиции во универзитетската инфраструктура за поголема поддршка на универзитетскиот спорт и поголема вклученост на студентите во реализација на разни културни, истражувачки и други активности;
- Развој на т.н. „трансферзални вештини и знаења“ како способност за критично размислување и за решавање на проблеми. Европската Унија се соочува со недостиг на работна сила, посебно од знаења и вештини на т.н. STEM (science, technology, engineering and mathematics) струки и малата застапеност на женската популација во овие научни подрачја. Потребите од развој на вештини во овие области произлегуваат како резултат на тековната зелена и дигитална транзиција на општеството. Со цел да обезбеди економска конкурентност на глобално ниво, Европската унија делува во насока да обезбеди континуиран развој на вештини потребни за остварување на таквите стратешки цели. Новото опкружување пред универзитетите поставува барања за обезбедување на интердисциплинарни знаења и трансферзални вештини, при што стекнувањето на клучни компетенции, како што се нумерички и дигитални вештини станува

есенцијално, што ќе биде императив за заедничка работа во согласност со определбата за отворен Европски Универзитет;

- Унапредување на практиканството и апликативното знаење на студентите и идентификување на можности за подобрување на ефикасноста и релевантноста на наставата и учењето.

## 1.1 Докторска школа

Сметам дека е потребно да се воведат стручни докторски студии за потребите на стопанството. Така ќе се зајакне врската помеѓу Универзитетот и стопанството и ќе се создадат услови за докторски истражувања со соединување на ресурсите на Универзитетот и на стопанството.

Согласно препораките од страна на екстерната евалуација на ЕУА потребно е:

- Да обезбеди ден за ориентација за студентите кои се запишуваат на докторски студии;
- Да се понудат годишни семинари за менторите, со можност за размена на искуства и подобрување на нивните вештини како ментори;
- Да се поттикне групна работа за време на часовите по етика и методологија со што ќе им се овозможи на студентите да го продлабочат своето разбирање за тие теми;
- Да се промовира интердисциплинарност и трансдисциплинарност преку мешање на студентите од различни дисциплини и мешање на студентите во публиката на годишните студентски семинари;
- Да се поддржи истражувањето на студентите преку олеснување на пристапот до бази на податоци и лабораториска опрема, односно, да се обезбедат повеќе структурирани врски (со компании, институции, болници итн.) кога им се потребни ресурси надвор од нивниот факултет;
- Да се собираат повратни информации за образованието на докторските студии преку организирање на фокус групи на студенти со Универзитетскиот одбор за докторски студии.

Сериозен проблем претставува толкувањето на Одборот за акредитација дека и обемот на истражувачките активности за потребите на подготовка и реализација на докторскиот истражувачки проект и објавувањето на резултати да се изразуваат во ЕКТС кредити Основна намена на ЕКТС кредити е валоризирање на едукативни активности. Таквото толкување доведе до обременување на докторските студии со административни обврски, како за административниот кадар, така и за раководителите на студиите, менторите, но и самите студенти на докторски студии.

Со цел да се подобрат ваквите состојби потребно е да се афирмира дискусијата за примена на ЕКТС во докторските студии преку организирање на трибини, јавни расправи и други форми за дисеминација на искуства и ставови за ова прашање не само на УКИМ туку во пошироката академска заедница. Паралелно со тоа да се спроведе јавна расправа во рамките на УКИМ со цел, дури и во постоечката форма на студиските програми, сериозно да се намали обемот на административни обврски на сите чинители во процесот.

Рационализација на процесите на раководење на докторските студии ќе овозможи раководителите повеќе време и ресурси да вложат во креативно подобрување на истражувачките активности.

## 1.2 Континуирано учење

Континуираното учење станува императив на современите општества. Брзиот технолошки напредок, дигиталната трансформација и глобалната конкурентност создаваат напредни економии, денес познати како „економии на знаење“, во кои знаењето станува двигател на развој и просперитет. Оттаму и потребата од формирање на Центар за доживотно учење на Универзитетот, со цел стекнување на дополнителни специфични вештини и знаења, согласно барањата на пазарот на труд. Тоа ќе им помогне на дипломираните, континуирано да ја

подобруваат својата вработливост преку развој на вештини и/или стекнување на нови знаења со што ќе постигнат поголема респонзивност на потребите на работодавачите.

Брзите општествени промени, се пресликуваат и во нашето општество, што неминовно ја наметнуваат потребата за континуирана доедукација на кадрите, а Универзитетот располага со експертиза од сите научни области и може да понуди квалитетни програми за континуирано учење, доквалификација и стекнување на вештини согласно потребите на бизнис секторот и јавниот сектор. Заради тоа ќе се залагам Универзитетот да формира Центар за доживотно учење. Секоја од единиците или повеќе единици заедно ќе можат да креираат едукативни програми, кои таргетираат определена актуелна проблематика, за која ќе се развие и верификува програма која ќе биде сертифицирана и одобрена од страна на ЦОВ и МОН.

### 1.3 Јазичен центар

Формирање на јазичен центар во кој ќе можат да се изучуваат македонски јазик или друг јазици за студенти кои доаѓаат од странство, како и за студенти кои заминуваат на мобилност или студиски престои во други држави.

## 2. Унапредување на научно-истражувачката дејност и зголемување на научно-истражувачката продуктивност

Научно-истражувачката и уметничката дејност на Универзитетот е од посебен интерес бидејќи е темел на современото универзитетско образование, претставува клучно меѓународно мерило за оцена на квалитетот во високото образование и неговата конкурентност, дава клучен придонес за развој на националната култура и чување на националниот идентитет, а консеквентно придонесува за остварување на стратешките интереси на Република Северна Македонија.

Во текот на изминатата деценија, имплементацијата на ERA (European Research Area) придонесе кон значајни достигнувања кај истражувачките инфраструктури во Европа, воведување на концептот за отворена наука, развој на транснационална и меѓународна соработка, родова еднаквост во истражувањата, како и интензивирање на мобилностите, како инструмент за развој на истражувачките кариери. Европската стратегија за развој и иновации 2020-2024 (European Strategy for Development and Innovation 2020-2024 [1]) ја поврзува ERA со иновациите и се базира на концептот наречен „Индустрија 4.0“, насочен кон примена на иновациите од фундаменталните научни истражувања во развој на нови конкурентни технологии и производи. Но појавата на пандемијата Ковид 19, доведе до забавување на темпото на напредок, наспроти стапките на инвестиции во истражување и развој на ниво на Европската Унија.

Оттука, Европа се мобилизира и преку новите стратешки документи (“European Research Area Policy Agenda – Overview of actions for the period 2022-2024” [2], “Pact for Research and Innovation in Europe, 2021” [3]), ги поставува основите и насоките за развој на новата ERA (“Council conclusions on the New European Research Area, 2020” [4]) поврзана со EHEA (“European Higher Education Area” [5]) и повикува на мобилизирање на земјите-членки, земјите-кандидати и регионите во Европа околу клучните заеднички принципи и вредности, како и идентификување на заеднички приоритетни области за дејствување. Притоа, во фокусот е потребата од зголемени финансирања за истражувања, развој на иновации, зелена транзиција и дигитална трансформација, креирање на работни места и економија, демократија и човекови права, со цел да се забрза придонесот кон целите за одржлив развој на Обединетите нации (SDGs) и да се имплементираат целите на Парискиот договор (Paris Agreement), во согласност со целите на Европскиот зелен договор (European Green Deal).

Со тоа е определен и правецот за развој на УКИМ во следниот период - Отворен Универзитет со Европски вредности, член на новата ERA (New European Research Area).

УКИМ јасно препознава дека истражувачите и уметниците се темелната вредност на нашето високо образование и наука, но и дека во голема мера сеуште не се целосно искористени развојните можности за интернационализација, разни соработки и синергии, потесна поврзаност на научното и уметничкото творештво со општествената заедница, образованието, технологијата и производството. Во таа насока Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, треба да биде подготвен со целиот свој капацитет, функционално да се интегрира и да одговори на таквите предизвици.

**Во изминатиот период**, Универзитетот, како припадник на European Research Area, интензивно работеше на градење на научно-истражувачките капацитети и притоа постигнати се значајни подобрувања:

- За академската заедница на Универзитетот, обезбеден е пристап до повеќе електронски бази на научни публикации, со целосни содржини, од сите научни подрачја: ASTM International, ERS Journals, OpenEdition, Cambridge University Press, ElgarOnline, MSP Journals, EBSCO.
- Продолжува финансиската поддршка на единиците за изработка на 30 научно-истражувачки проекти годишно, со унапредени услови за аплицирање и критериуми за евалуација, со задолжително публикување на научни трудови, како испорачани резултати.
- Унапредени се системите за наградување на научно-истражувачката одличност со воведени евалуациски метрики и нови механизми.
- Обезбедена е DOI идентификација за сите универзитетски публикации, научни списанија и учебници.
- Спроведени се преговори за институционален пристап до индексациските бази Web of Science и Scopus.
- Се обезбедува финансиска поддршка на научните списанија на единиците, при што во 2022 година, две од нив стартува со индексација на на Web of Science, а четири со индексација на Scopus, како и поддршка за објавени научни трудови индексирани во базите на Web of Science и Scopus (за хуманистичките науки).
- Во 2022 година е постигнат историски највисок број од 710 објавени научни публикации референцирани на Scopus, од севкупни 10.095 публикации за сите области, индексирани во базата и афилирани на УКИМ.
- Универзитетот изготви и усвои политика за Отворена наука и пристапи кон членство во EOSC и OpenAIRE.
- Универзитетот изготви и усвои Декларација и План за Gender Balance.
- Универзитетот пристапи кон коалицијата COARA поддржана од Европската Комисија за унапредување на метриката за евалуација на истражувачките резултати.
- Од 70 одобрени COST акции за периодот 2022-2026 година, Универзитетот учествува и е вклучен во менаџмент комитетите на сите 70 проекти, факт кој од страна на COST програмата на Европската Комисија, беше истакнат како извонреден успех на УКИМ. За Универзитетот ова е особено важно, бидејќи според статистичките показатели на индексациската база SCOPUS, публикацискиот опус на УКИМ најголема финансиска поддршка има од Horizon и COST програмите на Европската Комисија.

**Во идниот период**, потребно е Универзитетот да се залага да го примени **заедничкиот сет на вредности и принципи за истражување и развој**, поставен како цел пред земјите на Европската Унија, заради развој на системи базирани на заеднички рамковни услови, согласно документот [3] (Pact for Research and Innovation in Europe, 2021) кој базира на:

- Почитување на вредностите за етика и интегритет на истражувањето и развојот, независнот на научните истражувања, како и еднакви можности за сите;
- Подобрување на условите за мобилност на научно-истражувачкиот кадар придонесувајќи за циркулација на истражувачи низ ЕУ, поттикнување на размена меѓу академската заедница и индустријата (како и други засегнати страни од екосистемот на четворниот хеликс), ширење на иновациите и споделување на научните знаења, податоци и алатки преку поддршка на отворен пристап до истражувачките инфраструктури, технолошките инфраструктури и нивните сервиси;
- Стремеж кон извонредност преку посветеност да се поддржува и наградува истражување со највисок можен квалитет, како предуслов за научно, технолошко, економско и општествено влијание, и проширување на базата на знаење на Европа;
- Создавање вредност, општествено и економско влијание преку: поттикнување на мултидисциплинарна и интердисциплинарна соработка, инвестирање во развој на човечки капацитети, достапност до истражувачки и технолошки инфраструктури, интеракција со индустријата и други засегнати страни во општеството, промовирање на истражувањата и проширување на базата на знаење;
- Заедничко координирано работење, кохерентност, посветеност, инклузивност и следење на глобалните инструменти, како SDGs целите за одржлив развој и општествената одговорност.

Притоа со цел да го примени сетот на вредности и принципи за истражување и развој, **Универзитетот ќе ги следи приоритетите за заеднички акции во градење на Европскиот истражувачки простор** (ERA), пропишани од Европската Комисија во документот [2] (European Research Area Policy Agenda – Overview of actions for the period 2022-2024) и [4] (New European Research Area, 2020). Приоритетите на новиот Европски истражувачки простор, кои ќе бидат во фокус на работата на Универзитетот, се наведени во продолжение.

- Продлабочување на функционалното знаење преку:
  - Обезбедување на отворена наука, истражувачка инфраструктура поврзана на Европскиот облак за отворена наука, инклузивен пристап со еднакви можности за сите, базиран на фер принципи;
  - Обезбедување на системи за кариерен развој и мобилности на истражувачите генерално, а посебно кариерите на истражувачите во рана и средна фаза, притоа фокусирајки се на поголемо искористување на програмата на Европската Комисија, Марија Склодовска-Кири;
  - Развивање на мерит системи за оценување и наградување на научно-истражувачкиот кадар, за да се награди квалитетот, научното влијание и успешните научни резултати, ангажманот во општеството, соработката со индустријата и активности со другите екосистеми, земајќи ја предвид и наставата, како столб на високото образование. Системот за наградување треба да обезбедува транспарентност, отвореност и избегнување на пристрасност, дискриминација и не фер третман, ефективно и редовно следење, преку употреба на соодветни индикатори и опсервација на научно истражувачките кариери;
  - Валоризација на знаењето преку координирање на истражувачите со развојните политиките на национално, регионално и ЕУ ниво;
  - Научно лидерство преку зголемување на капацитетите и финансирањето на фундаменталните и применетите истражувања;
  - Промовирање на европските вредности и принципи за истражување и развој, како и капитализирање на научните резултати, истражувањата и иновациите;
- Преземање на акции за истражување и развој за зелена транзиција и дигитална трансформација, со позитивно влијание врз екосистемот и општеството во целина.

- Следење на можности за истражување, иновации и подобрување на комуникацијата помеѓу иновациските екосистеми во Европа.
- Партиципирање за користење на Европските можности за инвестиции во истражување и развој, во синергија со ЕУ програмите за финансирање наука и истражувања, како и следење и контрибуирање во мерките кои ќе бидат наменети за земји и региони со пониски перформанси за истражување и развој.
- Приоритетни инвестиции и реформи:
  - Според документот [3] (Pact for Research and Innovation in Europe, 2021), таргетот на ниво на ЕУ е инвестирање на 3% од БДП во наука и истражување, согласно националните цели за истражување и развој на земјите членки, а со заедничка цел од зголемување за нови 1.25% од БДП до 2030 година.
  - Универзитетот интензивно ќе се залага да влијае на националните приоритети во државата во насока на зголемување на издвојувањата од БДП за инвестирање во наука и истражување, од сегашните занемарливи промили, барем до 1.5%.

**Развојот на науката е клучниот предуслов за квалитетот на наставната дејност на Универзитетот**, затоа што само со примена на науката и праксата во високото образование, ќе се диференцира Универзитетот од останатите универзитети. Од друга страна научно-истражувачката дејност е предуслов за квалитетни публикации во реномирани списанија индексирани во базите на Web of science и Scopus и подобрување на рангот на Универзитетот на светски познатите ранг листи.

Во насока на обезбедување на предуслови за квалитетно интегрирање и поголема видливост на Универзитетот во Европскиот научноистражувачки простор, а во согласност со Европските заложби за развој на Европските универзитети, изразени во повеќе документи, како: Европската стратегија за развој на универзитетите 2022 [6] (European Strategy for empowering higher education institutions for the future of Europe, 2022), Визијата на EUA за универзитети без ѕидови до 2030 [9] (Universities without walls, a vision for 2030, 2021), Иницијатива на Европските универзитети за нова димензија на високото образование, 2021 [8] (European Universities Initiative -New dimension in European higher education, 2021), **се предлагаат следните мерки**:

- Поддршка на истражувачката и уметничката работа во согласност со европските и националните програми и политики;
- Заложба и поддршка за остварување на одличност во меѓународни рамки, особено при публикувањето и во согласност со принципите на отворената наука;
- Воведување и практикување на форми за поддршка и афирмација на истражувачките резултати, како и партиципирање во трошоците за објава на трудови во списанија индексирани во базите на Web of Science на Clarivate Analytics и Scopus на Elsevier, со цел да се постигне поголема видливост на Универзитетот;
- Особена заложба ќе биде насочена кон широка и силна поддршка на младите истражувачи (доценти и асистенти), посебно во нивната почетна истражувачка кариера, но и понатаму, градејќи стимулирачка истражувачка средина и подобри услови за работа. Повеќе од кога било, важно е да ги мотивираме и поддржиме нашите млади истражувачи, преку што ќе продолжиме да ја градиме и консолидираме интегрирано успешната иднина на нашиот Универзитет.
- Поттикнување и обезбедување на финансиска поддршка за единиците кои ќе издаваат научни списанија со фактор на влијание индексирани во базата Web of Science на Clarivate Analytics;
- Поттикнување и финансиска поддршка на интердисциплинарни истражувања кои се во склад со приоритетите и целите на Европската комисија и се во фокусот на Европската стратегија за истражување и иновации Strategy 2020-2024 [10];

- Склучување на стратешко партнерство со институциите кои ги финансираат истражувањата во рамки на Европскиот истражувачки простор;
- Поддршка на универзитетските тимови за членство во Европските конзорциуми за истражувачка инфраструктура, како ERICs, и други истражувачки асоцијации фокусирани на одделни научни области, што ќе доведе до повеќе можности за учество на нашите единици на Европските проекти и вмрежување во европската истражувачка инфраструктура;
- Зголемена видливост на научно-истражувачките резултати преку примена на дигитални и колаборативни технологии, продолжување на градење на инфраструктура на отворена наука Open Science [11], како и континуирани активности во Европските асоцијации за отворена наука каде сме членки, Европскиот облак на отворена наука European Open Science Cloud [12] и OpenAIRE;
- Подобрување на научноистражувачката инфраструктура на единиците преку обновување на опремата во постојните лаборатории и набавка на нова истражувачка опрема;
- Залагање за обезбедување на Shibboleth клучеви за институционален пристап до индексациските бази Web of Science и Scopus, како и електронски бази на научни публикации неопходни за научните истражувања кои ги вршат единиците, со фокус на Science Direct на Elsevier;
- Залагање за зголемување на делот на финансирања од ЕУ фондовите, преку поголемо активно учество на програмите, како предуслов за стабилно и развојно финансирање на Универзитетот.
- Во правец на уметностите, залагање кон поттикнување за активно учество на повиците на програмата CREATIVE Europe на Европската Комисија, тргнувајќи од високо квалитетните кадровски капацитети со кои располага Универзитетот во делот уметност
- Едукација, обуки и работилници за зголемување на компетенциите за пријавување на проекти на ЕУ програмите: Horizon Europe, European Research Council, European Innovation Council, Maria Sklodowska-Curie Action, ERASMUS+, COST, LIFE, IPA и други, стимулирање на успешните пријави и засилување на административната поддршка за истите.
- Поттикнување на пријави на проекти во ЕУ програмите ориентирани кон унапредување на: истражувачката инфраструктура, човечките истражувачки капацитети, трансфер на технологии кон индустријата, трансфер на знаење кон општеството, развој на иновации и поддршка на претприемачки компетенции и сето тоа во синергија со насоките од Smart Specialization Стратегијата за нашата држава, која е во завршна фаза на донесување.
- Стимулирање и поддршка за проектното финансирање на заеднички интердисциплинарни научни истражувања на единиците, преку формирање на хабови (дигитални, зелени, иновативни хабови), со цел да прераснат во одржливи научноистражувачки, образовни или уметнички јадра на Универзитетот.
- Зајакнување на човечките капацитети со знаење и компетенции за поддршка на интернационални научно-истражувачки и едукативни проекти, засилена дисеминација на можностите кои ги нудат донаторските програми и зголемен процент на апликации за поефикасно искористување на проектните фондови: Horizon Europe, Erasmus+, LIFE, COST, IPA, INTERREG, ERANET, ADRION, MEGAMed, NATO.
- Базирајќи се на членството на Универзитетот во коалицијата CoARA поддржана од Европската Комисија за унапредување на метриката за евалуација на истражувачките резултати, во соработка со деканите и продеканите задолжени за наука, ќе се изгради тим кој ќе работи со работните групи на CoARA на развој на метриката, активностите и нивното спроведување;
- Зајакнување на поддршката на уметничките дејности преку проектни програми и интернационална афирмација на уметничките резултати.
- Зајакнување на компетенциите за научно-истражувачка работа на студентите, посебно на оние што се запишани на втор и трет циклус студии на нашиот Универзитет;

- Унапредување на универзитетската дигитална ризница (Репозиториум) со нови функционалности, со цел да прерасне во сеопфатна дигитална база, која ќе го опфаќа публикацискиот опус на академската заедница на УКИМ;
- Етаблирање на Центар за постдокторски истражувања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, афирмирање на програмата MSCA Marie Skłodowska-Curie Actions на Европската Комисија за поддршка на постдокторски истражувачки престои во ЕУ и негово вмрежување со слични центри за напредни студии со други универзитетите во регионот и пошироко;
- Продолжување на вмрежувањето со нашите алумни, кои се денес реномирани научници на странски универзитети во светот и поддршка на Центарот ЦеНИИс, како јадро за интернационално засилување на научниот човечки потенцијал на Универзитетот и користење brain-gain научни капацитети.
- Реализација на отпочнатиот процес за развој на две заеднички студиски програми на прв циклус студии со Arizona State University, USA и една студиска програма на трет циклус студии со Iowa University, USA.
- Поттикнување на популаризација на науката и засилување на Science Communication.
- Поголема соработка со Македонската Академија на науки и уметности.
- Поголема соработка со Фондот за иновации и технолошки развој и вмрежување на истражувањата со бизнис секторот.

## 2.1 Рангирање на Универзитетот

Во однос на рангирањето на УКИМ, кое е главно резултат на научно-истражувачката продуктивност во последниве неколку години се забележува подобрување. На најновите Универзитетски рангирања, и тоа на Schimago и Webometrics, се валоризираа нашите заложби во изминатите две и пол години. Заложби во насока на интернационализација и подобрување на видливоста на резултатите на Универзитетот.

Факт е дека секоја од светските универзитетски ранг листи, има своја специфично дефинирана методологија за рангирање, која базира на метрика и следење на различни индикатори.

- WEBOMETRICS е најголемата web-ориентирана ранг листа,
- SCIMAGO рангира на база на резултатите од најголемата Европска компанија за објавување на резултатите од научноистражувачката работа во базите на ELSIVIER и SCOPUS,
- Во однос на Шангајската листа, за жал не сме рангирани бидејќи истата објавува листа, која се однесува на рангирање на само 1000 универзитети. Шангајската ранг листа на универзитети во светот е една од најпрестижните, посебно поради фактот што критериумите според кои истата се составува се прилично високи, како на пример, еден од критериумите е универзитетот да има алумни кои се носители на Нобелова награда.

**Кај сите метрики, научно-истражувачката работа многу силно влијае врз рангирањето.**

Мината година постигнавме историски највисок број на научноистражувачки публикации, индексирани на Web od Science и Scopus, што веднаш се одрази на неколку од листите за рангирање на универзитетите, со покачување на нашата позиција. За жал не можеме да се појавиме и на други листи, кои ги рангираат само универзитетите кои имаат поголем обем на научноистражувачки публикации од нашите капацитети.

Посебно би сакала да го потенцирам фактот за универзитетското рангирање на Schimago, каде за прв пат во јануари оваа година УКИМ забележа најдобар Research Rank до сега. Од почетното 584 место во 2009г, 439 во 2015г, до 396 место во 2022, што е најдобар резултат до сега. Иако оваа листа не е најопсежна, сепак, во истата влегуваат најпрестижните и најдобрите универзитети во светот, што е од посебно значење за нас. Клучниот фактор за постигнување на овој резултат е

наставно-научниот кадар на УКИМ, кој и покрај годините на пандемија, продолжи да дава висок импакт на квалитетот на наставната и научно-истражувачката дејност на Универзитетот. Трудот и посветеноста на Академската заедница на УКИМ секогаш била на високо ниво и таа е единствено заслужна за овој резултат. Потребен е детерминиран пристап, свесност за припадност и поголема синергија за да се делува во насока на постигнување заеднички подобар резултат.

Проблемот со рангирањето е комплексен и бара вклученост на повеќе актери, не само на универзитетот. Секако, универзитетот ја има основната одговорност, посебно во своите залагања за постигнување извонредност во секој аспект од својата работа. Но, одговорноста ја има и државата, со оглед на исклучително ниското вложување во високото образование и науката. Потребно е да се биде во чекор со новото време и вредностите кои тоа ги наметнува. Вообичаено прифатените стандарди кај нас се недоволни за да очекуваме дека и во 21век ќе постигнуваме добри резултати, наспроти останатите универзитети во светот, каде условите за научно творештво се многу подобри па затоа и можностите за напредување и научно-истражувачка продуктивност се многу подобри.

Според податоци за рангирање на научно-истражувачкиот кадар, кадарот на УКИМ е меѓу 2% најцитираните научници во светот за 2021 година, поточно 90% од врвните најцитирани научници во земјава се од редот на академскиот кадар на УКИМ.

Во февруари о.г. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ја постави и новата веб-платформа researchnet.mk на Центарот за напредни интердисциплинарни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (ЦеНИИс). Се работи за инструмент на УКИМ чија цел е да придонесе кон зајакнување на интернационализацијата и меѓународната соработка. Неговата мисија е да ги поврзува научниците и истражувачите кои работат и творат во светот, а кои потекнуваат од Македонија, да воспостават соработка со академската заедница на УКИМ, односно да се вмрежуваат со научноистражувачкиот кадар, како и со млади истражувачи, и преку синергија да развиваат научни интердисциплинарни јадра во различни области од взаемен интерес. На тој начин соработките ќе придонесат за **подобрување на видливоста на УКИМ во меѓународниот научноистражувачки простор.**

Оваа иницијатива е мошне важна за македонската наука, бидејќи помага да се срушат бариерите кои ги одвојуваат различните научни дисциплини и да се изгради интердисциплинарна соработка која може да поттикне нови откритија и иновации. Нашите научно-истражувачки кадри поседуваат висок квалитет и врвни капацитети и често делуваат во услови на ограничени финансиски и инфраструктурни ресурси. Работејќи заедно, преку границите и дисциплините, можеме да изградиме пожива и подинамична научна заедница и можеме да постигнеме Универзитетот побрзо да се движи на линијата на поголема видливост.

Новата веб-платформа researchnet.mk е конкретна иницијатива на Центарот за напредни интердисциплинарни истражувања ЦеНИИс на УКИМ, наменета за развој на интернационализацијата преку соработка на истражувачи од УКИМ со научници родум од Македонија, етаблирани и признати професори и научници кои работат на реномирани универзитети ширум светот.

Идејата е researchnet.mk да прерасне во динамична платформа каде што научниците во странство, а со потекло од Македонија, ќе можат да ги иницираат нивните истражувачки интереси, области на експертиза и можности за соработка преку научните институции каде што работат, со потенцијални соработници од нашиот Универзитет но и пошироко.

## 2.2 Насоки на развој на научно – истражувачката дејност на УКИМ и подобрување на рангирањето

Научно-истражувачката дејност е фундаментот на високото образование. Квалитетните и современи научни истражувања кои се изведуваат на универзитетот, силно се одразуваат и на

наставата и на можностите кои ги имаат студентите за нивен напредок и развој. Секако, ова влијае и врз развојот на стопанството и економијата во државата.

УКИМ има извонредни научно-истражувачки капацитети по однос на човечките ресурси. Најдобрите и најмногу цитирани научници во земјава со најголем број публикации, кои се бројат во рангирањата на светско ниво, се од редовите на УКИМ. Во услови на минимална или скоро никаква поддршка на науката од страна на државата, тие успеваат да постигнуваат резултати препознатливи на интернационална сцена.

Севкупно, научно-истражувачката дејност на УКИМ, споредбено со вложувањата на државата во науката, е задоволителна.

**Сметам дека во иднина, е неопходен сериозен пристап и зголемување на буџетското финансирање на науката и високото образование во нашата држава, што може да има позитивен ефект врз зголемување на продуктивноста на научноистражувачката работа на УКИМ, повеќе иновации, развој на нови технологии, импакт кон економскиот развој на земјата и поголема препознатливост во светот. УКИМ е спремен и има капацитети да ја искористи ваквата можност и на тој начин да се допринесе кон повисоко рангирање на Универзитетот на светските ранг листи, подобрување на квалитетот на образованието на нашите дипломци, како и покачување на рејтингот на нашата држава во Европскиот научно-истражувачки простор.**

Имајќи во превид дека живееме во времиња на разни предизвици, повеќе од значајна е **поддршката на младите истражувачи (доценти и иасистенти),** посебно во нивната почетна кариера, но и понатаму во првите истражувачки чекори, градејќи стимулирачка истражувачка средина и подобри услови за работа. Повеќе од кога било, треба да ги мотивираме и поддржиме нашите млади истражувачи, преку што ќе продолжиме да ја градиме и консолидираме интегрирано успешната иднина на нашиот Универзитет. Со проактивни млади истражувачи, понатаму во иднина, како Универзитет полесно ќе се спротивставиме на предизвиците со кои се соочуваме во ова време на брз технолошки развој и голема конкуренција во однос на квалитетот, како и останати објективни предизвици кои се заеднички во цела Европа и пошироко. Токму затоа, ќе се насочам да ја поттикнувам оваа група на наставно-научен кадар, и заеднички да работиме на обезбедување широка и силна поддршка за истражувачите и научниците во нивната почетна кариера.

Наставно-научниот кадар на УКИМ е активен во искористување на Европските фондови за наука, истражување и иновации. Постојано се вмрежува со универзитетите во Европа и аплицира на различни повици на Европските програми, а тој тренд ќе го поддржувам и ќе го поттикнувам со нови мерки.

Во моментот, на УКИМ се активни повеќе од 100 меѓународни проекти, финансирани од различни Европски донаторски програми, Хоризонт 2020, Хоризонт Европа, COST, ERASMUS, NATO, IPA. Дополнително, во моментот научници од УКИМ учествуваат во менаџмент комитетите и во работните групи на сите 70 ново-одобрени COST проекти од страна на Европската комисија, од јуни 2022 година. Ова е резултат на исклучително залагање на нашите научници да се вмрежат во Европскиот високо-образовен и научно-истражувачки простор. Импактот од COST програмата е голем. Според нашите анализи, најголем број од референтните публикации на Web od Science и Scopus се резултат на COST проекти и Хоризонт проекти.

## 3. Ориентација кон истражувања, развој на иновации и трансфер на технологии

Вложувањето во истражување, развој на нови технологии и иновации, претставува директно вложување во иднината на нашата земја, а истовремено е и дел на Стратегијата за паметна

специјализација, која е во фаза на финализација. Со Стратегијата, нашата држава, а со тоа и високо-образовниот и истражувачкиот простор во неа, ќе добие стратешки документ кој обезбедува модерен пристап за економски развој, преку меѓусебно поврзување на академската заедница, бизнис секторот, владините институции и граѓанскиот сектор за заедничко детектирање на можностите и предизвиците, како и делување во областите во кои државата има најголем потенцијал и доволно ресурси во кои треба поинтензивно да се инвестира. Со тоа ќе се забрза технолошкиот развој, како предуслов за обезбедување на економски раст, севкупен државен напредок и конкурентност во глобалната економија.

Во овој процес, чија имплементација е и еден од предусловите за пристапување кон членство во Европската унија, вклучени се бизнис заедницата, научно-истражувачката и академската заедница, како и јавниот и невладиниот сектор. Притоа се детектирани четири приоритетни области во кои Република Северна Македонија има потенцијали за поголем развој и кон кои треба да се насочи. Се работи за паметно земјоделство и прехранбена индустрија; информатичко – комуникациска индустрија; индустрија 4.0 каде спаѓаат електро-машинска, метало-преработувачка и автомобилска индустрија, и областа на паметни објекти и материјали.

**Развојот на паметната специјализацијата во идентификуваните области отвора големи можности за нашиот Универзитет, кој може да даде и од кој се очекува да даде значаен придонес во развојот на иновации и технолошки трансфер, користејќи ги финансиските можности што за развој на оваа стратегија ги нуди ЕУ, преку стимулација со нови мерки и активности во областа на образованието, економијата, развојот на иновации и науката. Оттаму, ќе се залагам нашиот Универзитет и во иднина да ја задржи и унапреди својата клучна улога во развојот на иновациите и соработката на академската заедница на УКИМ со стопанството, преку квалитетен трансфер на знаења од Универзитетот кон стопанството и да даде придонес во создавање на иновативно стопанство во целина, а со тоа и придонес во сите екосистеми на четворниот хеликс**. Со своите повеќе од 2.000 доктори и магистри на науки и околу 27.000 студенти, УКИМ има голем потенцијал во постигнувањето на таквата цел.

**Универзитетот треба да ги зајакне своите активности во унапредување на културата за патентирање и заштита на интелектуалната сопственост и зголемување на бројот на нови стар-тапи, односно на spin off компании базирани на трансфер на технологии и знаење и на тој начин воспоставување на т.н. универзитетско претприемништво.** Постојното универзитетско трговско друштво за иновации и трансфер на технологии ИНОФЕИТ, формирано во 2018 година, ќе ја прошири својата активност со формирање на одделение за заштита на правата од индустриска сопственост како и формирање на одделенија за претприемничка поддршка и зајакнување на истражувачките капацитети со експерти од различни научни подрачја. Ова ќе му овозможи поширока мрежа на соработка со индустријата и бизнис секторот воопшто и ќе обезбеди поголема вклученост на истражувачите од сите единици на УКИМ во истражувања и развој на нови производи и услуги и во иновациски проекти воопшто.

**Во контекст на унапредување на процесот на создавање на иновации ќе се залагам и за формирање на т.н. „живи лаборатории“ (living lab), кои функционираат како екосистеми на отворени иновации во реалниот живот и во реалното опкружување, фокусирани на создавање на прототипови, нивно тестирање и подобрување преку разни бизнис модели. Истовремено ќе се залагам и за формирање на дигитални хабови, зелени хабови, иновативни хабови**, кои ќе делуваат во различни научни подрачја, како јадра на Универзитетот со капацитет да создаваат иновативни додадени вредности.

## 4. Јакнење на капацитетите за меѓународна соработка и интернационализација

Меѓународната соработка и интернационализацијата, со својата хоризонтална димензија, се клучни за развојот на сите сегменти на делување на Универзитетот. Интернационализацијата и ефикасното вмрежување со други универзитети во светот, отвора перспективи за истражувања и развој со кои значително може да се подобри продуктивноста на нашите наставно-научни кадри, да се подобри влијанието врз наставата, видливоста и рангот на нашиот Универзитет.

**Европските универзитети, денес се поврзуваат во транснационални алијанси кои водат кон постигнување на заедничката цел, а тоа е воспоставување на универзитети на иднината, промовирајќи Европски вредности и идентитет преку континуирано подобрување на квалитетот и конкурентноста на Европскиот високообразовен простор. За да се постигне оваа клучна цел, се нудат можности за поддршка на различни модели на соработка за Европските универзитети.**

Според Европската стратегија за универзитетите и препораките на Европскиот Совет за градење на мостови за ефикасно соработка во Европското високо образование, еден од најважните инструменти е создавањето на Алијанси на Универзитетите и истата е поджана од Еразмус+ програмата, преку повик за нивно финансирање. Се предвидува да се подржат околу 60 алијанси во кој ќе се вклучат околу 500 Универзитети, кои треба да бидат носители на модернизацијата на Европскиот високообразовен простор, создавање на нови вредности во високото образование и промотори на стратешките определби и препораките на Европскиот Совет.

Преку долгорочна стратегија фокусирана на одржливост, извонредност и промовирање на Европски вредности, алијансите нудат студиски програми кои заеднички ги доставуваат низ интер-универзитетските кампуси, каде студентите можат да искусат мобилност на сите нивоа на студии. Во суштина универзитетските алијанси негуваат пристап на делување базиран на прифаќање на предизвиците, согласно кој студентите, професорите и екстерните партнери можат да соработуваат во интердисциплинарни тимови и да ги решат најголемите предизвици со кои се соочува Европа денес.

Меѓународната соработка на Универзитетот во наредниот период ќе биде рефлексија на поголемата динамика условена од трендот на европеизација и глобализација. Со оглед на улогата, поврзаноста и меѓу зависноста на меѓународните академски заедници, како и неопходната потреба за создавање и развивање на научни, технолошки и образовни иновации, меѓународната соработка на Универзитетот ќе биде излез на Европскиот високообразовен простор кој нуди можности за вмрежување, соработка, усовршување и напредок. Меѓународната соработка ќе се унапредува со следниве конкретни активности:

- Ќе продолжи долгогодишната традиционална соработка со странските универзитети, со дефинираните форми и динамика, но и ќе се пристапи и кон новите форми на соработка и вмрежување, односно кон определена алијанса**;**
- Ќе се интензивира учество во програмите на Horizon Europe (FP-9), European Research Council, European Innovation Council, Maria Sklodowska-Curie Action, ERASMUS+, COST, LIFE, UNESCO, регионалната CEE-иницијатива, CEEPUS, UNICA, EUA, UNI-ADRION, CIRCEOS и др., како и соработка со соседните, медитеранските и прекуокеанските универзитети, особено партнерите од САД;
- надградување на позицијата на Универзитетот во регионални и пошироки рамки преку подобрување на квалитетот и развивање на специфични знаења и вештини;
- привлекување на потенцијални корисници на услугите на Универзитетот (странски компании за кои ќе се едуцира кадар и сл.), и негово отворање со поголема мобилност на студентите, наставниците и истражувачите;

- засилени промотивни активности во насока на зголемување на меѓународната видливост на Универзитетот и операбилност на англиските верзии на веб-страниците на единиците во состав на УКИМ;
- збогатување на понудата на студиски програми на англиски јазик од прв, втор и трет циклус студии;
- зголемување на бројот на запишани странски студенти на прв, втор и трет циклус на студии;
- зголемено учество во меѓународни проекти, семинари, работилници, истражувања и сл.;
- проширување на полето на соработка со реномирани странски универзитети со кои УКИМ веќе има склучено билатерални договори, особено преку следниве форми на соработка: студиска и академска мобилност, заеднички научноистражувачки проекти, двојни дипломи, работилници, семинари и сл.;
- започнување со реализација на студентска пракса на ЕУ-универзитети;
- поинтензивно учество во компонентата Еразмус+ КА107 за остварување академска соработка со партнерски универзитети од целиот свет (не само од ЕУ);
- ќе се донесе  Стратегија за интернационализација на Универзитетот која ќе биде составен дел во новата стратешка рамка за развој на Универзитетот, со оглед на тоа што постојната Стратегија истекува во 2023 година.

## 4.1 Интернационализација

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, јасно ги препознава и вреднува наставно научниот, истражувачкиот и уметничкиот потенцијал на своите кадри, не само како своја темелна вредност туку како вредност за целото општество, но исто така и фактот што сеуште има неискористени развојни можности, како што е вмреженоста, соработката и синергијата, како и посилното поврзување на научната и уметничката дејност со технолошкиот развој. Иако не чекаат многу предизвици на тој пат, постојат индикатори кои јасно укажуваат дека УКИМ има капацитети да одговори на сите нив.

Според Законот за високото образование, Универзитетот донесува програма за меѓународна соработка и меѓународна афирмација на Универзитетот. Меѓународната соработка е тесно поврзана со интернационализацијата на Универзитетот како еден од развојните приоритети на УКИМ.

Во изминатиот период, интензивно се работеше на интернационализацијата на Универзитетот и притоа:

- Универзитетот пристапи кон членство во универзитетска алијанса AcrossEU, една од 46те новоформирани универзитетски мрежи во рамки на најголемиот пилот проект на Европската Комисија ЕРАСМУС+, European University Initiative, согласно новата Европска стратегија за развој на универзитетите.
- Универзитетот за прв пат влезе на престижната светска листа за рангирање на универзитетите QS World University Ranking CEEA.
- Универзитетот имаше значајно зголемување на бројот на проектни апликации за повиците на Horizon Europe, новата компетитивна програма на Европската Комисија за период 2021-2027, следствено по програмата Horizon 2020. Од 2021 до сега, аплицирани се 195 проекти на Horizon Europe, од кои, до сега 32 проекти имаат позитивна евалуација и се реализираат.
- Универзитетот имаше значајно зголемување на ERASMUS+ проектните апликации на сите повици од оваа програма, со над 250 апликации од 2021 година до сега, од кои 36 позитивно оценети проекти стартуваа со реализација.

- Активности на визуелниот идентитет, корпоративното претставување на Универзитетот, како и зголемување на видливоста преку нови профили на социјалните мрежи LinkedIn, Instagram.
- Формиран е Центарот за напредни интердисциплинарни истражувања ЦеНИИс, како нов инструмент на Универзитетот, со цел засилување на интернационализацијата преку вмрежување на научниците, кои работат и творат во светот, а се родум од Македонија, со научно-истражувачкиот кадар на УКИМ, кои синергетски развиваат научни интердисциплинарни соработки, во различни области од заемен интерес. Активирана е дигитална платформа на ЦеНИИс, researchnet.mk, за промовирање на можностите за соработка со наши научниците во светот. Моментно, ЦеНИИс поврзува над 200 научници родум од Македонија, етаблирани професори и научници, кои работат на реномирани универзитети ширум светот.

Програмата за меѓународна соработка и интернационализација на УКИМ во иднина ќе се изработува врз база на плановите на единиците на УКИМ кои се носителите на активностите во областа на меѓународната соработка и интернационализацијата. Планот за меѓународна соработка и интернационализација ќе се изработува на секои 3 години, а ќе базира на остварените резултати во претходниот плански период. При изработката на планот пожелно е да се запазат принципите изнесени подолу:

1. Планирање и донесување на одлуки врз база на податоци
2. Формализирање на планскиот процес од страна на единиците
3. Воведување на индикатори за следење и прогрес во меѓународната соработка и интернационализацијата

### 4.1.1 Планирање и донесување на одлуки врз база на податоци

За креирање на остварлив и релевантен план за меѓународна соработка и интернационализација, неопходно е да се познава сегашната состојба. Потоа, преку аналитички пристап ќе се идентификуваат мерките кои треба да се преземат за планот да може да биде остварен. Поради тоа, треба внимателно да се поставаат целите за наредниот период, како и мерките, преку кои тие ќе се остварат. Како базен период ќе се земе претходниот тригодишен период. Планот за периодот од 2023 до 2026 година ќе се изработи врз база на базниот период, или подолга временска серија. Понатаму, при изработка на наредните плански периоди, ќе се изработува и евалуација на остварените резултати, преку споредба со базниот период и со претходниот плански период, со што ќе се процени степенот на реализацијата на планот, што ќе овозможи подобрување на самиот процес на планирање.

За поедноставно и униформно планирање, ќе се воведат индикатори кои се однесуваат на следните групи активности:

- Научно-истражувачка работа;
- Настава;
- Меѓународна мобилност;
- Добиени и доделените награди и почести;
- Консултантски и апликативни активности;
- Склучени меѓународни договори;
- Уметничката дејност и спортот (за единиците кои вршат и уметничка дејност односно организираат спортски активности).

Во секоја од овие групи активности ќе се воведат повеќе индикатори. Индикаторите јасно ќе ги отсликуваат активностите кои придонесуваат кон поуспешна интернационализација и меѓународна соработка. Секако, најголемиот акцент ќе биде ставен на висококвалитетните научни истражувања (нивниот квалитет го докажуваат независните рецензентски комисии и уредувачки

одбори на списанијата индексирани во базите на Web of Science и SCOPUS), на наставата, која треба да станува интернационална и да се базира на најновите научни сознанија (квалитетот на научната работа), како и на капацитетите со кои располагаме и со кои треба да се привлечат студенти од странство (како редовни студенти или како студенти во размена).

Сите индикатори ќе бидат мерливи, квантитативни и лесно споредливи, и ќе овозможат планскиот процес да се изведува исклучиво врз база на податоци. Врз база на овие податоци и нивниот прогрес ќе се креираат и соодветни политики, како за целиот Универзитет, така и за секоја единица поодделно.

### 4.1.2 Формализирње на планскиот процес од **страна на единиците**

Клуч за успех во меѓународната соработка и интернационализацијата е да се има план! Универзитетот мора да одлучи каде треба да ги концентрира своите напори, со кои партнери и за какви видови на активности, а тоа може да се стори само преку интензивна и блиска интеракција со единиците и интегрирање на нивните планови, во еден заеднички план и стратегија.

Активности, кои во насока на ефикасна интернационализација треба да ги спроведат единиците се:

- **Анализа на силните страни на единицата во наставната и научната дејност, постојните контакти, врски и соработки со институциите од странство, како и средствата со кои располагаат за остварување на планот во одреден временски рок.** Да се проучат критериумите за интернационализација на различните рангирања на универзитетите, за да се утврди дали нашите силни страни може да се вклопат во успешната интернационализација или пак ќе биде потребно да се креираат мерки за градење на капацитетите за постигнување на целите на интернационализацијата.
- **Дефинирање на опфатот на стратегијата.** Формалните меѓународни врски традиционално повеќе се фокусираат на размена на студенти и наставен кадар. Современите текови бараат проширување на опсегот на меѓународната соработка преку заеднички проекти, истражувања и научни публикации со нашите партнери од странство, воспоставување на заеднички студиски програми, како и студиски програми за двојна диплома. Силен акцент ќе се стави и на технолошкиот развој, иновациите и универзитетското претприемништвото како и на соработка со компании од странство. Во таа насока единиците на Универзитетот ќе ги искористат своите силни страни за проширување на опфатот на меѓународната соработка и интернационализацијата, а истовремено Универзитетот ќе креира мерки за градење на капацитетите онаму каде што се смета дека може да постигнеме дополнителен успех.
- **Воспоставување на силен тим за меѓународна соработка и интернационализација.** Без поддршка, и најдобрите планови тешко ќе се реализираат. Деканите и продеканите задолжени за меѓународна соработка треба да изградат тим кој ќе го води спроведувањето на планот, ќе воспостави активности и соработка со останатите единици на Универзитетот за пренос на позитивните искуства и знаења, како и со различните одделенија на Универзитетот.
- **Финансиска поддршка за интернационализација. Меѓународниот развој не е трошок. Тоа е инвестиција!** Ќе се обезбедат средства за покривање на патните трошоци поврзани со меѓународната соработка, средства за изведување на заеднички активности со партнерските институции, како и за сместување и прием на претставниците на партнерските институции.
- **Зајакнување на комуникациските компоненти.** Ажурирање на веб-страните, отворање профили на социјалните мрежи, поголем дел од содржините да се објавуваат и на англиски јазик (или некој од светските јазици). Активна вклученост на меѓународни конференции, постоечки меѓународни здруженија и учествување со свои претставници на настани од значење за секоја од единиците.

### 4.1.3 Индикатори за меѓународна соработка и интернационализација

**I. Индикатори во научно-истражувачката работа**

1. Објавени научно-истражувачки трудови во меѓународни списанија индексирани во базата на Web of Science и SCOPUS (само оние кои не се индексирани на Web of Science) како и научни трудови објавени во меѓународни списанија индексирани во некоја друга база (освен во базите на SCOPUS и Web of Science)
2. Објавени книги и поглавја од книги
3. Меѓународни списанија кои ги издава единицата индексирани во базата на Web of Science, SCOPUS (само оние кои не се индексирани на Web of Science) и во некоја друга база (освен во базите на SCOPUS и Web of Science)
4. Учество на меѓународни научно-истражувачки собири (конгреси, конференции, симпозиуми, работилници)
5. Проектни активности на меѓународни проекти
6. Патенти и иновации

**II. Индикатори од областа на наставата**

1. Студиски програми со интернационален карактер на сите 3 циклуса на студии
2. Странски студенти на сите 3 циклуса на студии
3. Професори од странство ангажирани во наставата

**III. Индикатори за меѓународна мобилност и размени**

1. Студентска размена и активности во соработка со институции од странство
2. Мобилност на наставниот и помошниот кадар

**IV. Индикатори за добиени и доделени награди и почести**

Награди и почести

**V. Други меѓународни активности**

1. Консултантски активности и соработки
2. Склучени меѓународни договори

**VI. Индикатори за уметнички активности**

Покрај горенаведените дејности, Универзитетот има и силно развиена, уметничка дејност која во голема мера придонесува кон неговата афирмација. Поради тоа за единиците кои изведуваат уметничка дејност, покрај горенаведените индикатори, ќе се воведуваат индикатори за ликовни, музички и драмски уметности.

### 4.1.4 Мерки за унапредување на процесот на интернационализација

- Подржување и унапредување на соработката на Универзитетот со странски универзитети и со релевантни меѓународни институции;
- Зајакнување на канцеларија за меѓународна соработка и интернационализација, која, покрај другото обезбедува и поддршка во процесот на аплицирање за меѓународни проекти;

- Перманентно следење на можностите за апликации за проектни активности овозможени преку програмите за поддршка на науката, наставата, иновациите и културата на Европската Унија;
- Континуирано идентификување, анализирање и дисемининација на сите информации поврзани со меѓународната соработка;
- Перманентно следење на платформите за рангирање на универзитетите, изработување на анализи, информации за јавноста и академската заедница на УКИМ, како и спроведување активности дефинирани врз база на податоците и научените лекции;
- Потполна дигитализација на постапките од областа на меѓународната соработка вклучително и добивање поддршка за меѓународни проекти и мобилности;
- Координација на учеството на Универзитетот во разни меѓународни мрежи, конзорциуми, алијанси и асоцијации и ќе се ажурираат информациите поврзани со меѓународната соработка;
- Интензивирање на мобилноста на студентите и наставно-научниот кадар на УКИМ, преку поинтензивно користење на потенцијалите кои ги нуди програмата ЕРАЗМУС, ЦЕЕПУС, Алијансата AcrossEU, ЦеНИИс, како и билатералните договори за соработка на УКИМ;
- Донесување на правилник за рангирање на студентите и наставниците при аплицирање за остварување на мобилност;
- Подобрување на процесот за пренос на информации до секој поединец, дел од академската заедница на УКИМ по однос на можностите за меѓународна соработка и интернационализација;
- Формирање на фондови за финансиска поддршка на активностите за интернационализација;
- Поддршка за акредитирање на студиски програми на англиски јазик;
- Поврзување на активностите на УКИМ со целите за одржлив развој, како индикатор за општествената одговорност на Универзитетот;
- Поддршка на интердисциплинарните активности во меѓународната соработка и интернационализацијата и поддршка на ЦеНИИс како јадро за интердисциплинарноста во научните истражувања на УКИМ.

## 5. Развој и унапредување на уметничките факултети

За уметничкото подрачје на наставата, творештвото и истражувањата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во идниот период ќе се развие посебна стратегија, која ќе треба да ги постави визијата и стратешките цели за ова подрачје. Тоа практично ќе значи, единиците ориентирани кон уметничко творештво да го унапредат своето работење и да го доведат во склад со иницијативите и програмите за културни и креативни политики на Европската унија.

Една од целите на идниот развој на уметничките факултети ќе биде, тие да бидат во центарот на развој на македонската уметност, духовно творештво и култура, со тенденција да прераснат и во регионални центри за развој на културата и уметноста.

Во идниот период ќе се поддржува заедничката соработка на уметничките факултети, како и соработката на трите уметнички факултети со другите единици на универзитетот, со кои можат да развијат интердисциплинарни проекти. Ова подразбира финансиска поддршка на проекти, како заеднички продукции - концерти, рецитали и слично на кои освен студентите кои студираат на уметничките факултети ќе можат да учествуваат и студенти од други факултети како на пример од Технолошко-металуршкиот факултет, Архитектонскиот факултет, Педагошкиот факултет и сл.

Соработката на уметничките факултети ќе треба да се прошири и на полето на науката во вид на создавање на интердисциплинарни проекти, како добар пример за интеграција на Универзитетот. На тој начин Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ќе стане место каде што ќе се обединат научното и уметничкото подрачје, остварувајќи притоа нови и атрактивни соработки, изведени на највисоко академско и професионално ниво.

Во правец на уметностите, посебна заложба ќе се насочи кон поттикнување за искористување на фондовите преку програмата CREATIVE Europe на Европската Комисија, тргнувајќи од високо квалитетните кадровски капацитети со кои располага Универзитетот во делот уметност. На овој начин, бенефит ќе имаат не само самите истражувачи и уметници, туку преку нив и единиците и универзитетот во целост.

Наставата, творештвото и истражувањата во рамки на уметничкото подрачје на УКИМ, во континуитет се развивале додавајќи дополнителна вредност на нашиот Универзитет. Согласно иницијативите и програмите за развој на креативните индустрии, во иднина нивните активности ќе треба да се развиваат во склад со културните и креативните политики на ЕУ, но и покрај тоа во фокусот на нивните активности останува развојот на националната уметност и култура и зачувување на македонското културно и уметничко наследство. **Уметничките факултети на УКИМ ќе треба да ја зајакнат соработката со останатите единици на Универзитетот, како и меѓусебната соработка за да можат да реализираат повеќе заеднички продукциски проекти со висок уметнички, стручен и професионален квалитет.** Покрај тоа ќе се залагам соработката на уметничките факултети да се проширува и во областа на науката и да претставува добар пример за интегрираност и интердисциплинарност на нашиот Универзитет, а во согласност со современите европски трендови за развој на STE(A)M подрачјата. За таа цел ќе се обезбедат нови просторни, наставни и продукциски капацитети за воведување на нови студиски програми, кои ќе се етаблираат во синергија со другите единици на Универзитетот.

Уметничкото подрачје има голем потенцијал и може да понуди нови програми и проекти, клучни за развој на нашето општество. Оттаму, како една од задачите која ќе ја имам пред себе е обезбедување на трајни извори на средства за работа на уметничките факултети. Тоа подразбира дека уметничката дејност на нашите професори во уметничките подрачја ќе се поддржува, како финансиски, така и во поглед на напредокот на нашите уметници, подеднакво рамноправно како и кај научните истражувања.

**Во таа насока ќе поддржувам и ќе обезбедам средства за инвестиции во објектите и опремата на сите уметнички факултети. Освен во објектите и опремата, потребно е да се обезбедат и финансиски средства за оперативно функционирање и човечки ресурси, со цел да се обезбеди понатамошна меѓу-институционална и меѓународна соработка, како предуслови за развој на уметнички и истражувачки проекти и на уметничката дејност воопшто.**

## 6. Развој на универзитетскиот спорт

Спортот е важен и незаобиколен дел од животот на академската заедница. Во подрачјето на спортот, студентите на УКИМ бележат одлични резултати на домашната сцена. Потребно е, и ќе се залагам да ги обезбедам потребните финансиски средства и други материјални средства, како и организациски услови за развој на универзитетскиот спорт. Ќе биде дадена целосна поддршка за промоција на спортот и физичката култура и ќе се залагам за што е можно поголем број на студенти редовно и/или аматерски да се бават со некаков вид на спорт, поради тоа што спортот и физичката активност се битни за физичкото и менталното здравје. Спортот и физичката активност се и предуслов за подобрување на целокупната емоционална, психичка и социјална добросостојба на секој поединец, што консеквентно придонесува и за успех и подобри резултати во студирањето.

**За таа цел на Универзитетот треба да се обезбедат дополнителни просторни капацитети за развој на спортот. Во таа насока, ќе направам напор да обезбедам средства од Агенцијата за млади и спорт или од други извори, за да се доврши и реконструира спортската сала во кругот на општествено-хуманистичкиот кампус како и за обновување на опремата и одржување на спортската сала во кругот на Факултетот за физичко образование спорт и здравје.**

Во насока на афирмирање на спортот и физичкото образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ќе се залагам за подобрување на квалитетот на наставно образовниот процес и научноистражувачка работа од областа на физичкото образование, како и следење и имплементирање на новите тековни процеси, со цел унапредување на статусот на студентската популација.

- Преку гостувања, ќе се поддржува создавање услови за настапи на Универзитетот во земјата и во странство;
- Креирање политики за инкорпорирање на родов пристап во сите фази, односно вклучување на родова перспектива на студентите и наставниот кадар во активностите на Универзитетот;
- Ќе се обезбедат средства за развој на факултетскиот спорт и реализирање на сите програмски активности од факултетско, меѓу факултетско, меѓу универзитетско и меѓународно натпреварување;
- Ќе се даде поддршка за учество на УКИМ во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на студентите и наставниот кадар со посебен акцент на масовниот спорт;
- Развој и поддршка на активностите за спорт и рекреација на студентите со попреченост;
- Ќе се обезбедат средства за промоција и медиумско популаризирање и афирмирање на студентските спортски активности.

## 7.Соработка со бизнис секторот

Иновациите го движат светот и затоа партнерството на Универзитетот со компаниите од бизнис секторот и досега беа од големо значење и за двете страни од повеќе аспекти. Но, воспоставените соработки сеуште не се на ниво, кое обезбедува доволно квалитетна соработка со бизнис секторот во земјава. Оваа соработка, во следниот период ќе се базира на комбинирање на капацитетите на двете страни, со цел создавање успешен трансфер на нови технологии и истражувања во пракса, што е од корист за секој поединец на општествената заедница.

Во 2018 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје го формираше Универзитетскиот центар за иновации и трансфер на технологии за соработка со бизнис заедницата - ИНОФЕИТ. Делокругот на активности на Центарот за иновации и технолошки трансфер во иднина ќе мора да ја прошири соработката со бизнис заедницата од земјава и странство, преку истражувања и технолошки трансфер во повеќе научни подрачја, односно со партиципација на повеќе единици на УКИМ, кои припаѓаат на различни научни подрачја.

**ИНОФЕИТ ќе треба континуирано да ги промовира условите за поддршка на нови start-up и spin-off компании, создавајќи синергија помеѓу иновативните бизниси и поттикнувајќи го растот на постојните компании, што долгорочно обезбедува нови можности за вработување. Со текот на годините, преку поттикнување на претприемничка култура помеѓу академијата, истражувачите и студентите и преку комерцијализација на научните и технолошките знаења, ИНОФЕИТ треба да стане клучна алка која го преточува знаењето и експертизата во акции, иновации и инвестиции.** На компаниите ќе може да им се понуди комплетна експертиза од различни научни области, соработка на нивните експерти со нашите истражувачи во соодветните полиња на интерес за компаниите, пристап до универзитетските лаборатории и специфична опрема и да се обезбедува кофинансирање на трошоците од државни програми или од приватните партнери.

Соработката со бизнис секторот ќе се одвива преку:

- Договорни истражувања, каде ќе се користат услуги на акредитирани лаборатории и каде може да се добие пристап до high-tech опрема, бази на податоци, ретки колекции, архиви на податоци. Можност претприемачите и компаниите да добијат квалитетни методологии за истражување и развој, општи или таргетирани истражувања и сл.;
- Колаборативни истражувања кои се сметаат за еден од најдобрите канали за трансфер на знаење, каде сите учесници во истражувањето го делат ризикот и бенефитите. Клучно за плодна соработка е создавање на средина во која размената на информации е безбедна и е во интерес на секоја вклучена страна. Овој вид на соработка ќе се извршува на договорна основа, со обезбедување на контрола на резултатите од истражувањето, како и нивното користење, публикување и заштита на правата од интелектуалната сопственост. Ќе се воспостават процедури за финансиските и правните аспекти на колаборативните истражувања. Константна цел ќе биде создавање на меѓусебно корисни партнерства;
- Проширување на активностите на Трговското друштво ИНОФЕИТ, кое е универзитетско трговско друштво формирано за развој на иновации и трансфер на технологии, така што во неговите активности да биде вклучена експертиза од сите научни подрачја кои ги покриваат единиците на УКИМ. ИНОФЕИТ треба да прерасне во мост помеѓу поширокиот бизнис-сектор и Универзитетот, промовирајќи ги целите на тројниот-хеликс модел на соработка;
- Техничка помош и консалтинг;
- Партнерства во spin-off компании, како модел на соработка кој е многу поволен за компании кои сакаат да го ориентираат својот бизнис да биде базиран на знаење, вклучувајќи истражувачи кои создаваат технологија;
- Поврзување на науката со бизнисот, преку организирање на настани на кои можат да се сретнат истражувачите и претприемачите и да можат да соработуваат на нови идеи за различни компании;
- Воспоставување правила за заштита на интелектуалната сопственост.

# 8. Управување со процеси

## 8.1 Управување со квалитет

За обезбедување на квалитет во високото образование и подобрување на резултатите од наставата и учењето, потребна е континуирана евиденција и евалуација на наставниот процес и пристап до обработените податоци за тековната состојба, за трендовите во одреден временски период, како и информации за силните и слабите страни на овој систем и идентификување на причините кои довеле до нив.

Квалитетот треба да биде во центарот на сите активности на Универзитетот каде тој се вклопува како култура на работа и се развива, како систем за севкупно обезбедување на квалитет. Универзитетот има за цел да ја извршува работата во согласност со националните и со меѓународните стандарди, имајќи ги предвид најдобрите практики, особено во однос на трендовите во Европскиот високообразовен простор и препораките на Болоњската декларацаија.

Интегрираниот систем за управување со квалитет ќе се фокусира на две клучни области:

- **наставата и учењето, но и на сите придружни активности со кои се поддржуваат студентите, како што се библиотеки, студентски сервиси, Центарот за кариера и на**
- **административните процедури, активности и услуги.**

За таа цел, потребно е Универзитетот да донесе Правилник за управување со квалитет во кој ќе бидат дефинирани политиките за квалитет, процедурите, процесите и иницијативите насочени кон постојано подобрување во сите области на настава, учење, истражувања и сите останати активности, преку редовна самоевалуација на целите, стандардите / критериумите за настава и учење, редовни извештаи за прогресот и препораките на евалуацијата.

Подобрувањето на квалитетот се смета за лична и колективна одговорност, така што сите засегнати страни ќе се информираат за овие иницијативи, ќе се обезбедат механизми со кои сите вклучени во развојот на културата на квалитетот ќе можат лично да придонесуваат во таа насока, а ќе се воведат и механизми за наградување за нивните достигнувањата во наставата и истражувањата. Во насока на обезбедување на отворен пристап и транспарентност во процесот на процена и одлучување, на располагање ќе се обезбедат податоци и разни аналитички материјали и релевантни информации.

Процесот на управување со квалитет ќе се менаџира преку Управата на универзитетот за што ќе се обезбеди и дополнителна техничка поддршка. Овој процес на Универзитетот ќе се води преку формирање на Канцеларијата за обезбедување квалитет чија основна цел ќе биде да го координира функционирањето на активностите за обезбедување квалитет, како и да обезбедува дисеминација на информациите и промоција на културата за квалитетот, преку разни видови механизми за комуникација.

За да се обезбеди функционирање на овој систем потребно е секоја од единиците да воведе интерен систем за обезбедување квалитет преку формирање на центри/тимови составени од претставници на административните служби, декан, продекан, претставници на студентите и надворешен член од соодветната област. Една од основните задачи на овие тимови/центри на единиците ќе биде спроведувањето на процесите за **само-оценување** и за имплементирање на акционите планови за обезбедување квалитет во рамките на нивната област.

За развој и спроведување на културата на квалитет, Универзитетот ќе користи интерни и екстерни механизми.

- **Интерни механизми за управување со квалитет:**

- воведување на индивидуална евалуација, најмалку еднаш годишно;
- мониторинг и развој на квалитетот на учењето и наставата преку воведување на обрасци за опсервација на наставата , годишните евалуации на студентите , индивидуалната евалуација на кадарот и идентификување на можностите за професионален развој;
- воведување на алатка за евалуација на кадарот и на неговите индивидуални наставно-научни активности;.
- воведување на ИСО стандарди за политики и процедури кои се мониторираат преку обучените тимови за внатрешна евалуација на годишно ниво, а истите да се одобрени со надворешна ИСО валидација;
- воведување на механизам за развој на капацитетите, базиран на следење на годишната само-евалуација, а во согласност со приоритетите наведени во стратегискиот план на Универзитетот/единиците;
- мерење на задоволството на кадарот и на студентите од понудените услуги, исто така ќе се следи и ревидира преку евалуацијата од студентите и анкетите за кадарот.

- **Надворешни механизми за управување со квалитет**

Со цел да се развие културата на квалитетот, универзитетот ќе продолжи да ги користи надворешните механизми, како што се:

- Обезбедување на објективна надворешна евалуација од страна на Асоцијацијата на европски универзитети (ЕУА).

- Министерството за образование и наука, Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност и другите национални тела како што се АКВО – Агенцијата за квалитет во високото образование која преку Одборот за акредитација и Одборот за евалуација на високото образование е одговорен орган за изведување надворешна евалуација, акредитирање на нови и реакредитирање на постојните или обновени студиски програми;
- Користење на ИСО стандарди со цел да се потврди ефективноста на клучните политики и процедури.

- **Воведување на индикатори за контрола на квалитет**

Со цел понатамошно подобрување на квалитетот на наставата и учењето, потребно е на Универзитетот да се воспостави процес за управување со квалитетот, со кој континуирано ќе се следи и евалуира системот преку воведување на индикатори.

Воведувањето на индикатори ќе помогне да се следи напредокот на стратегиите и програмите во рамките на наставниот процес. Повратно, индикаторите за квалитетот на образовниот процес можат да имаат значителни импликации во креирањето на политики преку споредба на индикаторите во време или наспроти воспоставените стандарди и глобалните бенчмаркови, како на пример, оние кои се содржани во стратешките цели на ОН. (SDG 4) која се однесува на квалитетот на образованието мерен преку еднаков пристап до квалитетно образование за сите ранливи групи (лица со посебни потреби, жени и други ранливи категории) со цел намалување на сиромаштијата и подобар животен стандард.

Дополнително, а согласно Извештајот од последната надворешна евалуација на ЕУА, во следниот период ќе се залагам за изработка на: а) стратегии и акциони планови на единиците усогласени со универзитетските, што би придонело за нивна поефикасна реализација; б) структурирани временски рамки за реализација на активностите и в) планови за непредвидливи случаи.

Воведувањето на индикатори за мерење на квалитет на високото образование ќе ни овозможи носење на релевантни одлуки за унапредување на наставниот процес преку:

- мониторирање на промените во области како што се квалитет на наставата, на студиските програми и остварените перформанси од страна на студентите, кои ќе можат да предупредуваат во однос на можни идни проблеми;
- мерење на влијанието на образовните реформи или промените во наставата;
- фокусирање на вниманието на наставните компоненти кои бараат подобрување;
- фокусирање на вниманието на клучни индикатори, како што се: перформансите на различни групи студенти (девојки, студенти кои живеат во сиромаштија, студенти со посебни потреби).

## 8.2 Дигитална трансформација

Дигитализацијата е длабоко навлезена во сите пори на општеството и стана значаен двигател на развојот. Дигиталната трансформација на една организација претставува транзиција на нејзините активности и процеси во дигитален домен со цел да се зголеми ефикасноста на системот, а консеквентно на тоа и на достапноста и квалитетот на услугите кои ги нуди. Во таа насока, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како носител на сите позитивни промени во општеството мора да се развива во склад со ваквите промени, со цел да обезбеди повисок квалитет и поголема достапност на своите услуги. И покрај тоа што дигиталната трансформација навлезе во многу сегменти на општеството, сепак Универзитетот сеуште функционира по застарени, хартиени и неефикасни модели на работа.

На Универзитетот му недостасува Стратегија за дигитална трансформација во која ќе се предвиди како ќе се користат заедничките ресурси на Универзитетот за унапредување на системот на е –

учење (e-learning), како и за комплетниот Document Management System. При изведувањето на наставата, сеуште не се во доволна мера искористени предностите кои ги нуди современата технологија, а дигитализацијата на наставниот процес од нужност, во текот на COVID пандемијата покажа дека стихијниот и недоволно добро планираниот пристап не може да даде задоволителни резултати. Освен тоа, пријавувањето на испитите, уписите на студентите, плаќањата, издавања на разни уверенија и сл. сеуште се одвиваат во бирократски процедури и на застарен начин.

Дигиталната трансформација на Универзитетот треба да опфати:

- Воведување на ефикасни дигитални алатки во наставниот процес и генерално подобрување на процесот на е-учење;
- Дигитализација на процесите и активностите на Универзитетот и
- Подигнување на квалитетот и достапноста на сервисите за студентите

### 8.2.1 Воведување на ефикасни дигитални алатки во наставниот процес и генерално подобрување на процесот на е-учење

Неодамнешните тешкотии кои настанаа во изведување на наставата за време на COVID пандемијата, јасно укажаа на важноста од воведување на дигитални технологии во наставата, но истовремено покажаа и дека само користењето на дигитални алатки во наставата, без да се направи продлабочена анализа на тоа, како и кога истите да се вклопат во наставата, не води нужно до подобрување на квалитетот. Затоа во спроведување на процесот на дигитална трансформација во наставата потребно е планирано и добро осмислено воведување на соодветни дигитални алатки, при што посебно внимание треба да се обрне кај единиците (факултети и научни институти) на Универзитетот да се хармонизира употребата на современите дигитални технологии. Тоа произлегува од фактот што сега постојат разлики меѓу единиците во поглед на нивото и видот на алатките кои се користат за дигитализација на наставата или само за спроведување на on-line настава.

Подобрувањето на процесот на дигитализацијата на наставата мора да се разгледува и имплементира многу внимателно, имајќи предвид дека фокусот мора да биде првенствено ставен на наставата „во живо“ со непосреден контакт меѓу студентите и професорите, која докажано има највисок квалитет во пренос на знаења, искуства и вештини. Покрај тоа, во наставата ќе се воведат дигитални алатки со кои ќе се олесни процесот на учење, како воведување на дигитални ресурси, електронски книги, поставување на материјали за учење во електронска форма, како и воведување на дигитални интерактивни содржини во форма на: прегледи на снимени предавања, аудизација на учебници и учебни помагала, воведување на дигитални интерактивни содржини и сл.

Веќе започнатите технички активности за одржување на настава на далечина, со користење на електронски технички средства ќе бидат доработени и унапредени во наредниот период. Во таа смисла, ќе се заложам за континуитет и зголемена поддршка на сите единици во имплементација на платформата за електронско учење и колаборација.

- Интензивно ќе работам и на имплементацијата и на другите усвоени проекти кои се однесуваат на дигитализација на наставата и учењето и воведувањето на единствен систем за управување со учење (Learning Management System) и на неговата интеграција со iKnow електронскиот студентски информационен систем;
- Ќе се залагам за стимулирање на наставниот кадар за создавање на електронска библиотека од материјали за поддршка на наставата и учењето, преку зголемување на обемот на средства за електронско издаваштво, кое ќе се поддржува уште поинтензивно во наредниот период;
- Дополнително, ќе се залагам за унапредување на универзитетската дигитална ризница (Репозиториум) со нови функционалности, со цел да прерасне во сеопфатна дигитална база, која

ќе го опфаќа публикацискиот опус на академската заедница на УКИМ, следејќи ги принципите на отворена наука, онаму каде е дозволено од страна на издавачите;

- Ќе се залагам за натамошен развој на дигиталната платформа за научните списанија на единиците, а се во издаваштво на УКИМ;
- Ќе поддржам дигитализација на сите електронски бази: на проекти, на научноистражувачки кадар, на научни изданија итн.

### 8.2.2 Дигитализација на процесите и активностите на Универзитетот

Дигитализација на процесите и активностите на Универзитетот ќе значи воведување на електронски системи за дигитализација на тие процеси, со кои ќе се намали или отстрани потребата од документација во хартиена форма. Со таквата дигитална трансформација ќе се постигне процесите и активностите да станат поефикасни, а услугите побрзи, подостапни поквалитетни и поевтини.

Дигитализацијата на процесите и активностите ќе опфати цел сет на процеси и активности поврзани со извршувањето на интегративните функции, управувањето со квалитет, воведување единствен хармонизиран сметководствено-финансиски систем на управување со финансиските планови и реалните потреби на единиците, системот на пријавување на обврски, реализацијата на кварталите планови, заеднички јавни набавки и сл.

### 8.2.3 Подигнување на квалитетот и достапноста на сервисите за студентите

Третиот сегмент кој ќе се опфати со дигитализацијата на Универзитетот и неговите единици е подобрување на квалитетот на услугите кон студентите од аспект на краен корисник. Зголемување на задоволството на студентите и нивното корисничко искуство во текот на студирањето е важен аспект за зголемување на бенефитите од образовниот процес а тоа може да се постигне преку нивната подобра информираност во поглед на обврските, подобро следење на наставниот процес, воведување на дигитални колаборациски платформи за практикантство, бесплатни обуки за стекнување на меки, бихевиорални вештини, поврзување со пазарот на труд за време на нивните студии и сл. што повратно ќе има влијание на квалитетот на студирање и на студентскиот стандард. Посебно е важно да се дигитализираат сите оние процеси поврзани со студирањето, како што се дигиталното потпишување на молби, договори, плаќања и др.

Реализацијата на предвидените заложби ќе се ефектуира преку обезбедување на финансиска и материјална основа за развој на информациско-комуникациските ресурси на постојната инфраструктура, но и обезбедување на зголемен ангажман на соодветни кадровски ресурси. Во таа смисла ќе се набавува нова, современа опрема, ќе се воспоставуваат нови комуникациски врски со зголемен капацитет, ќе се работи на имплементација на нови информатички поддржани услуги, како во рамките на постоечкиот студентски информационен систем – iKnow, така и надвор од него. Со цел следење на новите законски норми, ќе се воспоставуваат и одржуваат нови бази на податоци, ќе се поддржува електронското издаваштво на материјали за поддршка на образовниот процес, а исто така ќе разработуваат и воспоставуваат механизми за збогатување на постојната ризница на научни и уметнички трудови на припадниците на академската заедница на УКИМ.

## 9. Капитални инвестиции

Во изминатите седум години, извршувајќи ја функцијата – проректор за финансии, инвестиции и развој на Универзитетот, реализирани се поголем број капитални подобрувања во објектите, опремата и софтверите на единиците. Најголем дел од средствата се обезбедени од основниот

буџет на Министерството за образование и наука и делумно од фондовите за извршување на интегративните функции или обезбедени донации:

- Целосно е реновирана лекторската зграда во која се сместени лекторите од странски земји;
- Направен е геодетски елаборат и главен проект за реновирање и уредување на партерот на локацијата на која е сместен Универзитетот, а со средства од проект на Светска банка, комплетно е реновирано платото на општествено-хуманистичкиот кампус и поставени се пристапи за лица со посебни потреби на 6 факултети;
- Комплетно е реновиран и уреден просторот во кој е сместен ИНОФЕИТ – Центарот за трансфер на технологии на УКИМ преку кофинансирање на Универзитетот и ФЕИТ;
- Инвестиравме во првиот Акцелератор во земјава, каде УКИМ е партнер со уште 4 компании и поседува најголем удел од 33%;
- Обновена е покривната конструкција на Архитектонскиот и Градежниот факултет;
- Целосно е заменета покривната конструкција на Филозофскиот и Филолошкиот факултет;
- Целосно е реконструирана покривната конструкција на Економскиот факултет;
- Набавен е нов моќен рутер со капацитет да ги покрие потребите на сите единици на УКИМ;
- Комплетно се реновирани амфитеатарот и предавални на Архитектонскиот факултет;
- Делумно е заменета покривната конструкција на Правниот факултет;
- Набавена е информатичка опрема и нагледни средства за наставата на Правниот факултет;
- Набавени е лабораторија за Земјоделскиот институт;
- Набавени се две нови лаборатории за Фармацевтскиот факултет;
- Комплетно е реновиран амфитеатарот на Стоматолошкиот факултет а со најсовремена опрема се комплетно опремени уште 4 одделенија на Стоматолошкиот факултет;
- Комплетно е реновиран амфитеатарот на Медицинскиот факултет;
- Комплетно е реновиран и уреден Универзитетскиот културен центар во Палата „Кузман“ каде престојуваат студентите;
- Обезбедени се средства за градежни зафати и набавка на опрема за Машинскиот факултет;
- Обезбедени се средства за реновирање на дел од просторот на Факултетот за ликовни уметности во локалитетот „Сули Ан“;
- Комплетно се реновирани машинските инсталации за греење и ладење на Филозофскиот факултет;
- Градежни интервенции и замена на столарија на Институтот за сточарство;
- Реновиран е амфитеатарот на Шумарскиот факултет;
- Обновување на санитарната мрежа на Факултетот за музичка уметност;
- Реновирање на амфитеатарот на Педагошкиот факултет;
- Набавен е софтвер за хармонизација на финансиско-материјално работење на Универзитетот и на единиците во негов состав, како и за интегрирано управување со финансиското планирање и обврските;
- Направена е опрема и мебел за Конгресниот Центар во Охрид, а за спортското игралиште набавена е опрема за организирање на натпревари по кошарка, одбојка и мал фудбал;
- Набавена е спортска опрема за потребите на Факултетот за физичко образование спорт и здравје;

- Други инвестиции во подобрување на објектите и опрема на единиците.

Во наредниот тригодишен период капиталните инвестиции ќе бидат насочени кон следниве цели:

- Обезбедување на средства за проектна документација потребна за испитувања и довршување на факултетските згради наменети за ФИНКИ и ФФОСЗ;
- Обезбедување на средства од МОН за довршување на факултетските згради на ФФОСЗ и ФИНКИ;
- Обезбедување на средства за довршување на спортската сала во општествено-хуманистички кампус (Завршена е постапката со која овој објект е извлечен од стечајната маса на изведувачот кој е во стечај и објектот ќе биде доделен на УКИМ по добивање на употребната дозвола);
- Обезбедување на средства за адаптација и целосно опремување на просторот во кој ќе биде сместен Центарот за постдокторски истражувања на УКИМ;
- Обезбедување на средства за реновирање на дел од просторот на Шумарскиот факултет;
- Замена на електрични инсталации и други интервенции во просториите во кои се одвива наставата на ПМФ;
- Обезбедување на средства за инвестиции во фотоволтаични колектори на Конгресниот центар во Охрид;
- Обезбедување на средства за реновирање на санитарна мрежа на Градежен Факултет;
- Обезбедување на средства за реновирање на дел од зградата во која се сместени Градежниот и Архитектонскиот факултет;
- Обезбедување на средства за подобрување на информатичката инфраструктура на факултетите и институтите;
- Набавка на информатичка инфраструктура за ФМУ;
- Довршување на покривната конструкција на Правниот факултет и интервенции во објектот (предавални и амфитеатри);
- Набавка информатички хардвер и софтвер на УКИМ и неговите единици заради воспоставување на единствен сметководствен систем на УКИМ;
- Обезбедување на средства за надградба на Фармацевтскиот факултет;
- Обезбедување на средства за надградба на ФМУ;
- Обезбедување на средства за набавка на музички инструменти на ФМУ;
- Обезбедување на средства за реновирање на дел од просторот на ФЛУ;
- Обезбедување на средства за обнова на фасадата на ТМФ;
- Обезбедување на средства за изработка на проектна документација за ДУП на локацијата на која се наоѓа ФДУ;
- Инвестирање во факултетските и институтските објекти со цел подобрување на стандардите за работа на единиците;
- Други инвестиции во лабораториска опрема, ИТ, градежни објекти и други капитални подобрувања зависно од потребите на единиците.

## Заклучни согледувања

Реализацијата на целите дефинирани во оваа Програма за работа за мандатниот период 2023 – 2026 ќе доведе до поголема видливост на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, поголема отвореност кон единиците и кон секој член на нашата академска заедница, подготвеност за разгледување и реализирање на сите bottom up иницијативи кои доаѓаат од страна на единиците како и додавање на дополнителна вредност на универзитетот кој со своите иновативни решенија во наставата, науката и уметноста ќе врши успешен трансфер на технологија и знаење во реалниот сектор, преку поддршка и развивање на универзитетското претприемништво.

Преку користење на сите расположливи ресурси (наставниците, студентите, лабораториите, центрите итн.) ќе се создаде позитивно опкружување во чиј центар се студентите и наставниците. Универзитетот како иновативна академска средина ќе креира услови за поттикнување на креативноста и развојот на иновации. Синергијата меѓу наставата и науката, науката и бизнис секторот и науката и интернационализацијата, ќе доведе до поголема глобална видливост на Универзитетот.

**Клучните столбови на развојот и трансформацијата на Универзитетот се: наставата, науката, интернационализацијата и иновациите создадени во процесот на развој и трансфер на технологии, а со тоа и развој на универзитетското претприемништво. Отвореноста и посветеноста стануваат основен пристап во работата.**

Наставата ќе се унапредува и подобрува преку воведување на иновативни форми на настава и учење преку модернизација и унапредување на наставните програми и воведување на нови современи методи во наставата. Тоа значи проактивен пристап во акредитирање на програми кои се атрактивни и обезбедуваат поголема вработливост на студентите и вклучување на адекватни методи на настава кои можат да се протегаат од „персонализиран наставен процес и менторска работа“ на определени научни и уметнички дисциплини, до хибридна настава со внесување на елементи на „on-line настава“, интерактивно вклучување на студентите во наставата и акцент на практичната настава.

Науката ќе се развива и унапредува преку обезбедување на целокупна поддршка за пристап до Европската истражувачка мрежа што ќе доведе до поголема научна продуктивност и поголема видливост на Универзитетот. Синергијата наука – настава е клучна за подобрување на квалитетот на високото образование. Затоа ќе се залагам за поинтензивно инкорпорирање на резултатите од независните научни истражувања во наставата, од една страна како и развој и трансфер на иновации и знаења кон бизнис секторот, од друга страна.

Меѓународната соработка и интернационализацијата на Универзитетот во наредниот период ќе бидат рефлексија на поголемата динамика условена од трендот на европеизација и глобализација. Со оглед на улогата и поврзаноста на меѓународните академски алијанси, како и неопходната потреба за создавање и развивање на научни, технолошки и образовни иновации, меѓународната соработка на Универзитетот ќе биде излез на Европскиот високообразовен простор кој нуди можности за вмрежување, соработка, усовршување и напредок, преку зајакнување на интерните капацитети на Одделението за меѓународна соработка со лица кои се докажани интернационални истражувачи од нашата академска заедница.

Иновациите и технолошкиот трансфер на знаење кон бизнис секторот ќе бидат мост на поврзување и можност за развој на универзитетски startup компании и развој на универзитетско претприемништво.

Отвореноста ќе стане еден од основните двигатели на развојот. Универзитетските сервиси кон неговите единици ќе се подобруваат, така што на секоја единица и на секој член на академската заедница ќе му се даде можност да ја развива својата креативност додавајќи нови, дополнителни вредности на Универзитетот во целина.

Ќе се поддржува и стимулира соработката меѓу единиците на секое ниво и во секој сегмент од нашето делување: наставата, науката, апликативната работа, уметничката дејност и сл.

Ќе бидам отворен и одговорен соговорник и посветено ќе работам за да се даде адекватен одговор на сите предизвици кои стојат пред Универзитетот, и ќе се залагам за зачувување на интегритетот, професионализмот, слободата и независноста на научната мисла. Научните истражувања и резултати се повеќе ќе се интегрираат во наставата, додавајќи дополнителна вредност и квалитет на наставата во чиј фокус се студентите. Универзитетот ќе стане отворен и повеќе меѓународно вмрежен, што ќе го подобрува интернационалниот рејтинг. Истовремено со плодната академската продуктивност, независност и висок професионализам, Универзитетот ќе продолжи да делува како активен чинител и двигател на многу процеси со кои се зајакнува националната економија и квалитетот на живот на граѓаните.

Оваа програма е изработена врз база на постојната законска регулатива која се однесува на високото образование и науката, како што се: Законот за високо образование, насоките на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA), Законот за научно-истражувачка дејност, Статутот на УКИМ, Етичкиот кодекс и постојните правилници и други акти на Универзитетот со кои се регулираат областите на делување и работа, Европската стратегија за истражување и иновации (2020-2024), Европската стратегија за развој на универзитетите (2022), Правилата и процедурите на Европските истражувачки инфраструктурни конзорциуми, Стратешката рамка за образование на ЕУ до 2030 и други релевантни документи. Истовремено Програмата која ја предлагам е и доволно флексибилна да ги антиципира промените во локалното и глобалното опкружување и да инкорпорира иницијативи за поцелисходно вклучување на Универзитетот во глобалните текови, обезбедувајќи му поголема видливост и меѓународен рејтинг.

Проф. д-р Билјана Ангелова

Скопје, мај 2023



## Референци


1. European Strategy for Development and Innovation for 2020-2024, European Commission, 2020
2. European Research Area Policy Agenda – Overview of actions for the period 2022-2024, 2022
3. Council Recommendation 2021/2122 on a Pact for Research and Innovation in Europe (Official Journal of the EU L 431/1, 2.12.2021)
4. Council conclusions on the New European Research Area (13567/20, 1 December 2020)
5. European Higher Education Area, European Commission, 2020
6. Council conclusions on a European strategy empowering higher education institutions for the future of Europe (Official Journal of the European Union, 2022/C 167/03), 2022
7. Council conclusions on the Global approach to Research and Innovation – Europe's strategy for international cooperation in a changing world (12301/21, 28 September 2021)
8. Council conclusions on the European Universities initiative – Bridging higher education, research, innovation and society: Paving the way for a new dimension in European higher education (Official Journal of the EU C 221, 10.6.2021, p. 14), 2021
9. Universities without walls, a vision for 2030, EUA, 2021
10. Research and Innovation Strategy 2020-2024, European Commission, 2020
11. Open Science Policy of EU, 2019
12. European Open Science Cloud (EOSC) main background documents, European Commission, 2022
13. Community legal framework for a European Research Infrastructure Consortium (ERIC), European Commission, 2018
14. Sustainable Development Goals Report, United Nations, 2022
15. The Sustainable Paris Agreement, United Nations Climate Change, 2016
16. Research and innovation to drive the Green Deal, European Commission, 2021
17. Developing Frameworks to Facilitate University-Industry Technology Transfer. A Checklist of Possible Actions, European Commission, 2017
18. The European Digital Strategy - Shaping Europe's digital future, European Commission, 2021
19. Corporate Social Responsibility, OECD, 2018
20. Manifesto: Europe supports early research careers and stimulating research workplaces, Initiative for Science in Europe, Brussels, 2022
21. Smarter, greener, more inclusive? Indicators to support the Europe 2020 Strategy, Eurostat book, Europen Union, 2019, DOI: 10.2785/379691.
22. Закон за високо образование, Службен весник на Република Македонија, бр. 82/2018;
23. Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетски Гласник 425, 2019 год.;
24. Закон за научно истражувачка дејност, Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016);
25. Етички кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетски Гласник 549, 2021 год.;
26. http://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
27. https://s3platform.jrc.ec.europa.eu/north-macedonia
28. https://s3platform.jrc.ec.europa.eu/